# СЛУЖ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАР(

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 101-Т-30, за огласи 101-Т-931.

Среда, 23 април 1958
БЕЛГРАД
БРОЈ 16 ГОД. XIV

Цена на овој број е 200.— дин. — Претплата за 1958 година изнесува 1700.— дин., а за странство 2500.— динари. — Редакција: Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Телефони: Редакција 28-832, Администрација 26-276, Продажно одделение 22-619. Тел. централа 28-010.


**294.**

## РЕЗОЛУЦИЈА
### ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1954 ДО 1957 ГОДИНА

Сојузната народна скупштина, на заедничката седница на Сојузниот собор и на Соборот на производителите одржана на 19 април 1958 година, ја донесува следнита

РЕЗОЛУЦИЈА

Сојузната народна скупштина го прифаќа во сé општиот осврт врз општествениот, стопанскиот и политичкиот развиток на Федеративна Народна Република Југославија содржан во Експозето на Претседателот на Републиката, и ја одобрува политиката што на овие подрачја Сојузниот извршен совет ја водеше во периодот на траењето на својот мандат од 1954 до 1957 година.

Сојузната народна скупштина смета дека проблемите и задачите што се изложени во Експозето на Претседателот на Републиката треба да послужат како основа на претстојните дејности и напори во областа на општествениот, стопанскиот и политичкиот живот и развиток на земјата.

Сојузната народна скупштина им одава признание на Претседателот на Републиката и на Сојузниот извршен совет за нивната целокупна работа и за водењето на политиката во периодот од 1954 до престанокот на нивниот досегашен мандат.

**Сојузна народна скупштина**

СНС (А) 6
19 април 1958 година
Белград

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

---

**295.**

Врз основа на точката 2 ставот 2 одделот 1 главата XIX и главата XXVI на Сојузниот општествен план за 1958 година и Одлуката за овластување Сојузниот извршен совет за донесување определени привремени прописи во областа на стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО 1958 ГОДИНА

Член 1

Средствата на општествените инвестициони фондови остварени во текот на поранешните години, кои според важечките прописи можат да се трошат во 1958 година, можат да се употребуваат во таа година за давање инвестициони заеми на стопанските организации, и тоа за инвестирање во основни средства најмногу до 75%, а за формирање на обртни средства најмалку 25% од вкупниот износ на тие средства.

Одредбата за претходниот став не се однесува:

1) на средствата на Општиот инвестиционен фонд;

2) на средствата на републичкиот инвестиционен фонд;

3) на средствата на општествените инвестициони фондови што се даваат за учествување во трошоците на инвестициите или за гарантни износи, по заемите одобрени од Општиот инвестиционен фонд;

4) на средствата на дотациите што општествените инвестициони фондови ќе ги добијат од федерацијата.

Член 2

Паричниот дел од фондот на основните средства стопанските организации можат да го користат за замена на основните средства или за нови инвестициони вложувања ако истовремено од тие средства пренесат во својот фонд на обртните средства износ во височина од 25% од средствата што ги користат за замена на основните средства односно за нови инвестициони вложувања.

Одредбата од претходниот став ќе се применува и на: банките, штедилниците, Државниот осигурителен завод, како и на средствата на установите со самостојно финансирање кои формираат обртни средства за своето работење.

Пренесување во фондот на обртните средства според одредбите на претходните ставови не се врши ако паричниот дел од фондот на основните средства се користи за отплатување на инвестиционите заеми, за учество во трошоците на инвестициите или за гарантни износи, по заемите одобрени од Општиот инвестиционен фонд.

Одредбата од ст. 1 и 2 на овој член не се однесува на користењето на средствата за амортизација на организациите и на средствата за замена на установите спомената во тие одредби.

Член 3

Средствата за амортизација односно средствата за замена кои според важечките прописи можат да се користат во 1958 година, стопанските организации, банките, штедилниците, Државниот осигурителен завод, како и установите со самостојно финансирање можат да ги користат за замена на основните средства ако истовремено од тие средства издвојат на посебна сметка кај банката износ во височина од 10% од средствата што ги користат за замена на основните средства. Издвоените средства не можат да се користат во 1958 година за замена на основните средства.

Организациите и установите можат издвоените средства од претходниот став да ги користат во текот на 1958 година како обртни средства.

Одредбите од претходните ставови не се однесуваат:

1) на претпријатијата на патниот сообраќај;

2) на претпријатијата за производство на тули и керамиди;

3) на претпријатијата на рударството кога ги трошат средствата на амортизацијата за изведување на рударски работи;

4) на стопанските организации што отпишале повеќе од 70% од износот на вкупната набавна вредност на своите основни средства, освен градежните објекти, земајќи ја за пресметување состојбата на основните средства на 31 декември 1957 година;

5) на комуналните претпријатија.

Член 3

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да пропише задолжителна продажба на ушур и уем, како и условите, цените и начинот на таа продажба.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, може да ги пропише продажните цени на житото и на преработките од жито односно начинот на формирањето на тие цени, како и да го определи органот на управата надлежен за определување на трошоците на трговијата во прометот на жито и на преработки од жито.

Член 4

Дирекцијата за исхрана може, во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, да го определува начинот на мелењето на жито.

### II. Овластени претпријатија

Член 5

Со промет на жито и на преработки од жито на големо можат да се занимаваат само стопанските организации што ќе добијат за тоа посебно овластување.

Овластувањето од претходниот став го издава сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет во согласност со Секретаријатот за индустрија на Сојузниот извршен совет, а врз основа на прибавено мислење од републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет.

При издавањето на овластувањето сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет ќе цени да ли постои и економска оправданост за давање на овластување.

Член 6

Овластувањето за вршење промет на жито и на преработки од жито на големо може да биде само:

1) мелничко претпријатие, и

2) трговско претпријатие на големо кое исклучиво се занимава со промет на жито и на преработки од жито, а кое во свој состав има мелница.

Член 7

Овластените претпријатија можат да имаат во свој состав и погони за преработка на жито и на преработки од жито (тестенини, леб, храна за добиток и сл.).

Член 8

Општите прописи за стопанските претпријатија се однесуваат и на овластените претпријатија, ако со оваа уредба не е определено поинаку.

Член 9

Овластените претпријатија се должни да ги извршуваат налозите од Дирекцијата за исхрана, што ги издава таа во врска со преземањето на мерки за обезбедување на снабдувањето на пазарот.

Налогот се издава со писмено решение.

Налогот е задолжителен за овластеното претпријатие.

Ако во врска со извршувањето на налогот овластеното претпријатие има посебни трошоци, Дирекцијата за исхрана е должна да ги надомести тие трошоци.

Член 10

Овластеното претпријатије е должно по налог од околискиот народен одбор да обезбеди определени количини жито односно преработки од жито со цел за снабдување на определено подрачје.

Со договорот склучен меѓу овластеното претпријатие и околискиот народен одбор се регулираат нивните меѓусебни односи во врска со извршувањето на налог од претходниот став.

Ако при извршувањето на налогот овластеното претпријатие има посебни трошоци, народниот одбор е должен да ги надомести тие трошоци.

Член 11

Овластените претпријатија можат да купуваат жито од земјоделските задруги и од селскостопанските производителски организации, како и од индивидуалните производители под условите од членот 72 на Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани.

Член 12

Овластените претпријатија можат да им продаваат жито и преработки од жито на пекарските претпријатија и дуќани, на претпријатијата што преработуваат жито или преработки од жито, на стопанските организации што се занимаваат со гоење на добиток, на трговските организации на мало, на претпријатијата што се занимаваат со извоз на жито и на преработки од жито, на потрошувачите на големо и на други овластени претпријатија.

Член 13

Републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет може по исклучок да му одобри на одделно трговско претпријатие што се занимава со промет на прехранбени производи да купува жито и преработки од жито од овластено претпријатие и да врши продажба на тие производи на големо.

Член 14

Приватните занаетчиски дуќани можат да купуваат само брашно, и тоа од овластените претпријатија, како и од претпријатијата што ќе добијат одобрение во смисла на членот 13 од оваа уредба.

### III. Казнени одредби

Член 15

На стопанските организации што купуваат или продаваат жито односно преработки од жито противно на одредбите од оваа уредба ќе се применат казнените одредби од членот 92 став 1 на Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани, а на одговорното лице во тие организации казнените одредби од членот 92 став 4 од истата уредба.

Член 16

Со парична казна до 10.000 динари ќе се казни за прекршок имателот на приватен пекарски дуќан што купува жито односно преработки од жито спротивно на одредбите од оваа уредба.

Член 17

Со парична казна од 50.000 до 2,000.000 динари ќе се казни за стопански престап:

1) стопанската организација што ќе ги прекрши прописите за начинот на мелењето на жито;

2) правното лице — имател на вршалка, ушурна мелница, воденица, поточарка, крупара или ронилка, како и машина за чистење жито, и тоа:

а) ако не му го продава на определеното овластено претпријатие сиот собран уем (ушур) во смисла на важечките прописи;

б) ако не води пропишани и заверени книги за собирањето на уем (ушур), или ако не ги книжи во нив сите овршени количини односно сите сомелени количини, или ако не го книжи сиот собран уем (ушур);

в) ако не изврши пресметување на собраниот и предадениот уем (ушур) од вршалките по завршетокот на вршењето.

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице — имател на вршалка, ушурна мелница, воденица, поточарка, крупара, ронилка или машина за чистење жито — за некое од дејствијата наведени во точ. 1 и 2 од претходниот став.

Член 18

За постапката по стопанските престапи од точ. 1 и 2 став 1 на претходниот член надлежни се во прв степен окружните стопански судови.

За постапката по стопанските престапи од претходниот став согласно ќе се применуваат одредбите од чл. 75 — 81 и 83 од Уредбата за управување со основните средства на стопанските организации.

За водење на административно-казнената постапка по прекршоците од ставот 2 на претходниот член надлежен е општинскиот судија за прекршоци.

### IV. Преодни и завршни одредби

Член 19

По исклучок од одредбите на оваа уредба, стопанските организации што се занимаваат со гоење можат за потребите на сопственото гоење во 1958 година да купуваат пченка, јачмен и овес непосредно од индивидуалните производители, и тоа по цените кои не можат да бидат повисоки од цените по кои тие производи од индивидуалните производители ги купуваат земјоделските задруги.

Стопанските организации што се занимаваат со гоење можат да купуваат пченка, јачмен и овес во смисла на одредбата од претходниот став по пат на откупни станици, на пазари на големо, во своето седалиште и во местата на своите погони, како и во местото на живеењето на производителот.

Организациите од ставот 1 на овој член не можат да продаваат пченка, јачмен и овес од сопствено производство од родот на 1957 година ако тие производи ги купуваат во смисла на одредбите од овој член.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за селско стопанство и шумарство, може, по потреба, да определи правото на купување предвидено со овој член да престане пред истекот на 1958 година.

Член 20

Претпријатијата кои според досегашните прописи биле овластени да се занимаваат со промет на жито и-на преработки од жито на големо се должни да ја сообразат својата организација и работење со одредбите од оваа уредба до 1 јули 1958 година.

Член 21

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба донесува, по потреба, сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет.

Член 22

Со влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за прометот на житата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/55, 3/56, 46/56, 18/57 и 31/57) и одредбите од чл. 4—8, 29, 30 и 32—37 од Уредбата за претпријатијата за промет со жита и за заедниците на претпријатијата за промет со жита („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/54 и 38/54).

Член 23

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 168
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**297.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53, 55/54 и 54/57) во членот 2 ставот 2 се менува и гласи:

„Народните републики ќе воведат данок на промет кој ќе се наплатува од индивидуалните производители на тутун по нормата која може да изнесува најмалку 10%, а во согласност со Сојузниот извршен совет и данок на промет кој ќе се наплатува од индивидуалните производители на хмел."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 171
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**298.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53, 55/54, 24/57 и 54/57), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/56, 19/56, 30/56, 43/56, 53/56, 1/57, 13/57, 19/57, 24/57, 31/57, 54/57 и 3/58) во делот А од Тарифата се вршат следните измени и дополненија:

1) во тар. број 2 по точката 1 се додаваат две нови точки кои гласат:

„2) Све врсте бензина — — — — — 23%
3) Све врсте дизел-горива — плинског уља — — — — — — — — — 27%"

Досегашната точка 2 станува точка 4;

2) во тар. број 3, во забелешката 2, место зборовите: „точ. 2" се става: „точ. 4";

3) во тар. број 4, во забелешка 2, место зборовите: „точ. 2" се става: „точ. 4";

4) во тар. број 30 точката 1 се менува и гласи:

„1) Делови за путничке аутомобиле и мотоцикле сем спољних и унутрашњих гума — — — 10%;"

5) во тар. број 91 место даночната норма „39" се става „36".

Забелешката 4 кон истиот тарифен број се менува и гласи:

„Порез на промет по стопи од 36 динара на један кг биљног уља за исхрану, сем маслиновог и од соје, наплаћиваће се на промет уља које је произведено од уљарица рода 1957 године и следећих година, или које је произведено од уљарица или сировог уља увезених после 1 августа 1957 године.

На промет биљног уља сем маслиновог произведеног од уљарица рода 1956 године или ранијих година, као и произведеног од уљарица или сировог уља увезених до 1 августа 1957 године, наплаћиваће се порез на промет по стопи од 37 динара на 1 кг за биљно уље од соје, а по стопи од 87 динара по 1 кг за остало биљно уље за исхрану.

Дирекција за исхрану има право на повраћај плаћеног пореза на промет у износу од 20 динара по 1 кг на све количине јестивог уља затечене на залихама којима она располаже на дан 1 јануара 1958 године.";

6) во тар. број 96 место даночната норма: „15", се става: „25";

7) во тар. број 97 место даночната норма: „120", се става: „180";

8) во тар. број 101 точката 1 се менува и гласи:

„1) Државни органи и установе, привредне, задружне и друштвене организације плаћају порез на промет кад за своје потребе набављају путничке аутомобиле, мотоцикле и мопеде домаће или иностране производње, и то:

| | на набавну цену |
|---|---|
| а) за путничке аутомобиле: | |
| до 1000 $cm^3$ — — — — — — | 50% |
| преко 1000—1500 $cm^3$ — — — — — | 30% |
| преко 1500 $cm^3$ — — — — — — — | 15% |
| б) мотоцикле и мопеде — — — | 40% |

Напомена:

1) Пореска основица је набавна цена.

2) Порез по тачки 1 плаћа се и кад државни органи и установе, привредне, задружне и друштвене организације набављају путничке аутомобиле, мотоцикле и мопеде растављене на делове ради њихове монтаже у земљи.

3) Порез по тачки 1 овог тар. броја плаћа се независно од пореза по тар. броју 30 Тарифе пореза на промет. Исто тако, порез се плаћа и кад поменути купци набављају путничке аутомобиле, мотоцикле и мопеде домаће или иностране производње од приватних лица.

4) Порез по тачки 1 овог тар. броја не плаћа се:

а) кад државни органи и установе, привредне, задружне и друштвене организације набављају путничке аутомобиле и мотоцикле из иностранства за сопствена девизна средства или за девизна средства купљена на девизном обрачунском месту;

б) кад Југословенска народна армија набавља непосредно из иностранства од увозних предузећа или од домаћих произвођача путничке аутомобиле и мотоцикле, у које се подразумевају и теренска вучна возила, под условом да ова возила служе непосредно за потребе Југословенске народне армије. Исто тако, порез по овом тар. броју не плаћа се ни при набавци специјалних путничких аутомобила који служе за потребе Народне милиције;

в) кад спољнотрговинска и друга трговинска предузећа која се баве прометом путничких аутомобила, мотоцикла и мопеда у виду редовног пословања, набављају ова возила ради даље продаје, а не за сопствену употребу";

(9) по тар. број 101 се додава нов тар. број, кој гласи:

„102 Државни органи и установе, привредне, задружне и друштвене организације плаћају порез на промет кад за уређење канцеларија, свечаних и репрезентативних просторија, домова, клубова и других сличних просторија набављају следеће производе:

— дрвени и метални намештај (комплетне радне собе, ормане, столове, столице, наслоњаче, фотеље, витрине, кауче, отомане, кревете и сл.); лустере, текстилне производе (ћилиме, засторе, завесе, мадраце, плишеве и друге декоративне тканине); челичне ормане и касе; електричне машине и апарате за одржавање чистоће; радио-апарате и грамофоне и сл.; кожу, вештачку кожу и остали слични материјал од пластичне масе за тапацирање и декорације — — — — — — — — — 40%.

Напомена:

1) Пореска основица је набавна цена производа.

2) Порез по овом тар. броју плаћају државни органи и установе, привредне, задружне и друштвене организације и кад производе из овог тар. броја сами израђују у сопственој режији. У овом случају пореском основицом сматра се тржишна цена производа.

3) Трговинска предузећа на велико и на мало која врше промет производа из овог тар. броја, не плаћају порез приликом набавке тих производа ради даље продаје.

4) Порез по овом тар. броју плаћа се у року од 3 дана по извршеној набавци производа, односно у случају сопствене производње — у року од 3 дана по преузимању тих производа за употребу у наведене сврхе.

5) Порез по овом тар. броју не плаћа се на челичне касе и ормане који се набављају за потребе Југословенске народне армије.

6) Ближе прописе за спровођење одредаба овог тар. броја доноси савезни Државни секретаријат за послове финансија у сагласности са савезним Државним секретаријатом за послове робног промета."

Член 2

Во делот Б од Тарифата по тар. број 8 се додава нов тар. број 9, кој гласи:

„9) На вредност издатих срећака лутрија и других игара на срећу, сем на вредност срећака Југословенске лутрије — — — — — — — 10%.

Напомена:

1) Пореским обвезником сматра се приређивач лутрије и других игара на срећу.

2) Приређивач је дужан најдоцније на 15 дана пре извлачења пријавити општинском народном одбору надлежном за своје седиште — дан и место извлачења.

3) Обрачунавање срећака ради утврђивања укупне вредности извршиће се у року од 15 дана по извлачењу. Порез се има уплатити у року од 5 дана по обрачуну."

Член 3

Во делот V од Тарифата се вршат следните измени и дополненија:

1) текстот на точкат I под 9 се менува и гласи:

„9) На накнаду за поједине или све занатске и угоститељске услуге које се врше приватним лицима на подручју општине, сем за услуге исхране и смештаја, — до 2% од укупног износа накнаде, а за алкохолна пића до 5%. Изузетно, републичко извршно веће, на предлог среског народног одбора, може одобрити одређивање виших пореских стопа, и то за занатске услуге до 5%, а за алкохолна пића до 20%";

2) во точката III ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Стопе општинског пореза на промет робе на мало не могу бити више, и то:

1) на промет алкохолних пића од 5%;

2) на сав остали промет од 2%.

Изузетно, републичко извршно веће може, на предлог среског народног одбора, узимајући у обзир висину трошкова живота грађана на подручју појединих општина, одобрити прописивање општинског пореза на промет робе на мало и по вишим стопама од стопа прописаних у претходном ставу, и то:

1) на промет алкохолних пића до 20%;

2) на сав остали промет до 5%";

3) во точката III во ставот 5 под б) по зборовите: „трактори" се става запирка и се додава зборот: „камиони";

4) на крајот од точката III се додаваат два нови става, кои гласат:

„Порески обвезници из става 4 ове тачке дужни су на видан начин (саопштењем истакнутим у излозима односно у пословним просторијама радње) обавестити купце робе о износу односно проценту општинског пореза на промет који се плаћа на промет свих или појединих врста робе, наводећи притом број и датум одлуке општинског народног одбора којом је прописано плаћање општинског пореза на промет.

Ако се по важећим прописима или на захтев купца о продаји робе на чији се промет плаћа општински порез на промет издају рачуни (фактуре), порески обвезник је дужан у рачуну одвојено исказати износ општинског пореза на промет"

Член 4

Прописите на општинските народни одбори за воведување на општинскиот данок на промет, донесени пред влегување во сила на оваа уредба, можат да се применуваат до истекот на срокот од 30 дена по објавувањето на оваа уредба, со тоа по истекот на тој срок тие прописи да престануваат да важат ако им се спротивни на одредбите од оваа уредба.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. 169
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

299.

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвувањe закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 8/54), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ ЗА ПРОПИШУВАЊЕ ТАКСИ И ДАНОК НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Уредбата за овластување на народните одбори за пропишување такси и данок на промет („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 19/53) во членот 2 точ. 10, 11, 13, 14 и 15 се менуваат и гласат:

„10) на фирми — до 20.000 динари годишно;

11) за користење на ѕидови или други предмети на јавни места (на јавни патишта, на улици во градови, на стадиони и сл.) за истакнување и испишување на реклами — по квадратен метар до 500 динари;

13) за регистрација на моторни патни возила, освен моторциклите — до 1 000 динари, а за моторциклите — до 500 динари;

14) на писмените понуди при јавните наддавања (офертални лицитации) кај државните органи и установи, стопанските и други организации — од претсметковната вредност на работата за која се врши наддавањето најмногу, и тоа:

| | дин. |
|---|---|
| а) на вредност до 1,000.000 дин. | 500 |
| б) на вредност над 1,000.000 до 5,000.000 | 1.000 |
| в) на вредност над 5,000.000 до 20,000.000 | 2.000 |
| г) на вредност над 20,000.000 до 50,000.000 | 5.000 |
| д) на вредност над 50,000.000 до 100,000.000 | 10.000 |
| ѓ) на вредност над 100,000.000 | 20.000 |

За работите за кои претсметковната вредност не се објавува може да се пропише такса според големината на понудената цена, а до износите определени во оваа точка.

На усните јавни наддавања не може да се пропише општинска такса;

15) за давање дозволи за вадење песок, чакал, камен, за печење вар и сл. може да се воведе општинска такса според количината на песокот, чакалот, каменот и др. за која се дава дозволата или според времето за кое важи дозволата, со тоа таксата за еден корисник да не може да биде поголема од 20.000 динари годишно. Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите може да пропише и износи поголеми од износите од оваа точка, како и највисоките износи што според количината на материјалот или според времето на траењето на дозволата може да ги определи народниот одбор како такса. Сојузниот Државен секретаријат за работите на финасиите може да го пренесе ова овластување и врз републичките државни секретаријати за работи на финансиите.

Член 2

Народните одбори се должни да ги сообразат своите прописи за општинските такси најдоцна во срок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба. По истекот на овој срок општинските такси на предметите од членот 1 на оваа уредба можат да се наплатуваат најмногу во износите определени со оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 173
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

300.

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем и точката I став 2 од Одлуката за овластување Сојузниот извршен совет за донесување определени привремени прописи во обласга на стопанството („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 54/57), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ДАНОКОТ НА ДОХОД

Член 1

Во Уредбата за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 18/56) во членот 21 се додава нов став 3, кој гласи:

„Се овластуваат републичките извршни совети да можат да пропишат дополнителен данок на доход од селското стопанство што ќе го плаќаат производителите на ориз и мараска, а во согласност со Сојузниот извршен совет — дополнителен данок на доход од приходите на приватни лица што произлегуваат од производството и продажбата на дрво.“

Член 2

Во членот 24 ставот 3 се менува и гласи:

„Ако е закупувачот стопанска, задружна или општествена организација, државен орган, буџетска установа или установа со самостојно финансирање, на износот на закупнината закуподавачот плаќа данок на доход од селското стопанство по одбивање на земјарината која се плаќа на ова земјиште од страна на закупувачот.“

Член 3

Членот 29 се менува и гласи:

„Ако е поради елементарни непогоди, растенииски болести и штетници или други вонредни настани кои даночниот обврзник не можел да ги спречи, намален приносот на една или повеќе парцели земјиште, претходно ќе се намали катастарскиот приход на секоја од тие парцели посебно за онолку проценти за колку е намален приносот на нив.

Ако вкупниот износ на намалувањето на катастарскиот приход според претходниот став во однос на вкупниот катастарски приход на даночниот обврзник изнесува повеќе од 25%, вкупниот катастарски приход ќе се намали за износот кој му одговара на утврдениот процент. Разликата меѓу порано обложениот данок и данокот со кој е обложен намалениот катастарски приход по овој основ — ќе се отпише.

Со републички прописи можат да се предвидат условите под кои во случаите од претходните ставови ќе се врши намалување на катастарскиот приход.

Решение за намалување на катастарскиот приход и на соодветниот дел од данокот донесува финансискиот орган на општинскиот народен одбор.“

Член 4

Во членот 43 се бришат ст. 3, 4 и 5.

Член 5

Во членот 45 став 3 точката 4 се менува и гласи:

„4) придонес за социјално осигурување на лицата што се наоѓаат во работен однос, придонес што го плаќаат адвокатите и свештениците врз основа на договорот за нивното социјално осигурување, како и придонес што го плаќаат занаетчиите во фондот за заемно материјално помагање на членовите во случај на болест, инвалидност, старост и смрт, основан при околиските занаетчиски комори.

Ако на занаетчија, во случај на своеволно иступување од членството на фондот, му се враќа дел од уплатениот придонес, занаетчиската комора е

должна, пред извршувањето на зголемувањето, да го извести за тоа надлежниот финансиски орган заради дополнително оданочување на износот кој се враќа. Облогот со данок на овие износи ќе се врши заедно со приходите остварени во годината во која враќањето на придонесот се врши. Занаетчиската комора ќе изврши исплата на дел од уплатениот придонес дури по одбивање на износот кој по налог од надлежниот финансиски орган треба да се запре на име дополнително обложен данок".

Член 6

Во членот 74 на крајот од ставот 2 место точка се става запирка и се додаваат зборовите:

„и тоа најдоцна во срок од 30 дена од денот на извршените исплати".

Член 7

Во членот 118 став 1 точките 6 и 7 се бришат, досегашната точка 8 станува точка 6, а потоа се додаваат две нови точки, кои гласат:

„7) на приходите од провизии на деловните агенти и на повереениците на издавачки претпријатија што тие ќе ги остварат со продажба на книги, списанија и други публикации, ако тие агенти и повереници не се во работен однос со односното издавачко претпријатие;

8) на приходите од работа на парче (работа на „сиц") дома кај работникот, што тие лица ќе ги остварат од стопански и општествени организации."

На крајот од истиот член се додава нов став, кој гласи:

„На приходите што не се споменати во ставот 1 од овој член, остварени со вршење услуги на државни органи и установи, на стопански и општествени организации и на стопански лица што се должни да водат деловни книги, ако примателите на овие приходи немаат постојани дуќани, се плаќа придонес според Законот за придонесот за буџетите од личниот доход на работниците."

Член 8

На крајот од членот 137а се бришат зборовите: „а покрај тоа ќе се казни и заради бесправно вршење на дејноста".

Во истиот член се додава нов став 2, кој гласи:

„Кога финансискиот орган ќе утврди дека некое лице без дозвола од надлежниот орган се занимава со вршење на дејности за кои е пропишано претходно прибавување на дозвола и исполнување на други услови, е должен на надлежниот орган да му поднесе пријава против одговорното лице поради бесправно вршење на дејноста."

Член 9

Членот 137б се брише.

Член 10

Одредбите од чл. 2—5, 7 и 8 на оваа уредба ќе се применуваат на облогот со данок за целата 1958 година.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 178
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

**301.**

Врз основа на точката I став 2 од Одлуката за овластување Сојузниот извршен совет за донесување определени привремени прописи во областа на стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57) и одделот I главата XXV од Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ШТО ГИ КОРИСТАТ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УСТАНОВИ

Член 1

Цените на производите и услугите на комуналните стопански организации или комуналните служби и другите надоместоци што ги пропишуваат општинските и околиските народни одбори ќе се определуваат, по правило, во иста височина за сите категории потрошувачи односно корисници на тие производи и услуги.

Отстапувања од ова можат да се пропишат во границите определени со оваа уредба или со други сојузни прописи.

За определувањето на закупнините и станарините на деловни и станбени згради важат посебни прописи.

Член 2

Општинските и околиските народни одбори не можат да определат, за производите и услугите на комуналните стопански организации или комуналните служби да плаќаат надоместоци само стопанските и другите организации, државните органи и установи ако плаќањето на тие надоместоци не е пропишано и за другите категории корисници и потрошувачи.

Исто така, не може да се пропише стопанските и другите организации да плаќаат надоместоци за производите и услугите на комуналните стопански организации или комуналните служби ако не ги користат тие производи и услуги.

Член 3

Кога производите и услугите на комуналните стопански организации или комуналните служби им се продаваат односно им се вршат на граѓани и на стопански и други организации, на државни органи и установи, со тарифите што ги пропишуваат народните одбори може да се определи тие производи да им се продаваат и услугите да им се вршат на стопански и други организации, на државни органи и установи по цените најмногу до трипати поголеми од цените по кои им се продаваат на граѓаните.

Член 4

За издавањето на земјиште на стопански и други организации, на државни органи и установи заради користење за натовар, истовар, претовар, складирање или други манипулации со стоки и производи, општинските народни одбори можат да пропишуваат надоместоци до височината во која Југословенските железници ги наплатуваат надоместоците за давање земјиште на употреба за истите цели.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сообраќај и врски, може да определи надоместоците од претходниот став да можат да се пропишат во износ до 50% поголем или помал од износите што ги наплатуваат Југословенските железници за употребата на земјиште.

Член 5

Ако со тарифите на околиските и општинските народни одбори цените на производите и услугите на комуналните стопански организации или комуналните служби и другите надоместоци се определени за другите стопански организации, државни органи и установи во износи поголеми од цените определени во чл. 3 и 4 на оваа уредба, или ако

им е определено плаќање на производите и комуналните услуги што тие не ги користат, сиот вишок настанат со зголемувањето на цените или со наплатата на некористените производи и услуги, што ќе ги утврдат сојузните инспекциски органи, ќе се уплати како приход на федерацијата.

Член 6

Околиските и општинските народни одбори се должни тарифите на цените за производите и услугите на комуналните стопански организации и комуналните служби и другите прописи за надоместоците да ги сообразат со одредбите од оваа уредба најдоцна во срок од еден месец од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

По истекот на овој срок цените за овие производи и услуги и другите надоместоци можат да се наплатуваат само до износите определени со оваа уредба.

Член 7

Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите да донесува, по потреба, поблиски прописи за спроведување на оваа уредба.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 176
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

## 302.

Врз основа на членот 135 став 1 од Основниот закон за буџетите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56 и 28/56), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ И ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И УСТАНОВИ

Член 1

Во Уредбата за извршувањето на буџетот и за сметководственото работење на државните органи и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/55) во членот 92 став 6 наместо зборовите во четвртиот ред: „буџетската година" се ставаат зборовите: „ноември од годината".

На крајот од истиот член се додаваат два нови става, кои гласат:

„Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите може да го продолжи срокот од претходниот став до крајот на буџетската година за буџетите на одделни политичкотериторијални единици чии приходи во најголема мера редовно се остваруваат во последното тримесечје од буџетската година.

Интересната норма за краткорочните позајмици изнесува 6% годишно. По исклучок, ако со сојузен пропис се воведе привремено финансирање до донесувањето на буџет за односната година, сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите може да пропише и пониска интересна норма."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 177
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

## 303.

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ТРГОВСКАТА ДЕЈНОСТ И ТРГОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДУЌАНИ

Член 1

Во Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/55, 1/57, 24/57, 31/57, 54/57 и 12/58), се укинуваат чл. 70а до 75 и место нив се додава нова глава, која гласи:

„VIII. Посебни одредби за прометот на селскостопански производи.

Член 71

Прометот на селскостопански производи се врши според одредбите од оваа глава, ако за одделни производи не е определено поинаку со посебни прописи.

Објаснение за тоа кои производи се сметаат како селскостопански производи во смисла на оваа уредба, ќе дава, по потреба, сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет.

Член 72

Селскостопански производи можат да купуваат непосредно од индивидуалните производители со цел за натамошна продажба или преработка само земјоделските задруги.

По исклучок од одредбата од претходниот став, на подрачје каде не постои земјоделска задруга или каде земјоделската задруга не врши или не е во можност да врши промет на селскостопански производи со индивидуалните производители, може на одделни стопански организации да им се одобри да купуваат селскостопански производи од индивидуалните производители, но само преку откупни станици и собирачи.

Одобрението од претходниот став го издава републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет, по прибавено мислење од републичката трговска комора и од републичкиот главен сојуз на земјоделските задруги.

Во одобрението мораат да бидат назначени селскостопанските производи што ќе ги купува стопанската организација, подрачјето на кое стопанската организација ќе купува, како и условите на купувањето.

Член 73

Земјоделска задруга може да купува селскостопански производи од индивидуалните производители само на подрачјето за кое е основана задругата (деловно подрачје на задругата).

Купувањето на селскостопански производи во смисла на претходниот став земјоделската задруга го врши непосредно, преку свои посебни деловни единици или преку собирачи.

На основувањето на деловните единици од претходниот став се применуваат одредбите од оваа уредба за основувањето на откупни станици.

Член 74

За потребите на своите членови и за преработка што ќе ја врши сама, земјоделската задруга може да купува селскостопански производи и од други земјоделски задруги, деловни сојузи, селскостопански производителски организации и трговски претпријатија на големо, и тоа како на своето подрачје така и надвор од тоа подрачје, но не на пазари.

Добиток за потребите на своите членови и за преработка што ќе ја врши сама, земјоделската задруга може да купува и на пазарите што се одржуваат на нејзиното деловно подрачје.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да пропише што се смета кај задругите како купување на селскостопански производи за потребите на нивните членови и за преработка што ќе ја вршат самите во смисла на одредбите од овој член.

Член 75

Земјоделската задруга ги продава селскостопанските производи непосредно или преку деловниот сојуз.

Земјоделската задруга може да продава селскостопански производи на мало преку продавници или на други начини (од магацини, на пазари и сл.).

На основувањето и работењето на продавниците од претходниот став се применуваат одредбите од оваа уредба за основувањето и работењето на продавниците на трговските претпријатија.

Член 75а

Деловните сојузи на земјоделските задруги можат да продаваат селскостопански производи само од името и за сметка на земјоделските задруги и другите селскостопански производителски организации од своето деловно подрачје, или во свое име а за сметка на тие организации.

За вршење на работите од претходниот став деловниот сојуз има право на надоместок, кој се утврдува спогодбено меѓу деловниот сојуз и организацијата чии стоки тој ги продава. Овој надоместок не може да го премине највисокиот износ кој, по потреба, го определува сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет по предлог од Главниот задружен сојуз на Југославија.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да определи највисокиот износ на надоместокот во смисла на претходниот став за одделни селскостопански производи да го определува републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет по предлог од републичкиот главен задружен сојуз.

Покрај надоместокот од ставот 2 на овој член, деловниот сојуз има право на надоместок на фактичните трошоци настанати при класирањето, сортирањето, пакувањето и при другите работи вообичаени во трговското манипулирање со стоките.

Член 75б

Деловниот сојуз може да купува во свое име и за своја сметка селскостопански производи од земјоделските задруги и од селскостопанските производителски организации што се наоѓаат на неговото деловно подрачје само со цел за преработка на тие производи што ќе ја врши самиот, како и со цел за продажба во своите продавници.

Со цел за преработка на селскостопански производи што ќе ја врши самиот и со цел за снабдување со селскостопански производи на организациите зачленети во деловниот сојуз, деловниот сојуз може да купува селскостопански производи и од други деловни сојузи, земјоделски задруги и селскостопански производителски организации.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да пропише што се смета кај деловниот сојуз како купување на селскостопански производи со цел за снабдување на организациите зачленети во деловниот сојуз, а што како купување со цел за преработка што ќе ја врши самиот деловен сојуз во смисла на одредбите од овој член.

Член 75в

Деловните сојузи на автономните единици и на народните републики не можат да се занимаваат со промет на селскостопански производи ниту во свое име и за своја сметка, ниту за сметка на други организации.

Деловните сојузи од претходниот став можат да посредуваат при купувањето на репродукциони материјали за потребите на организациите зачленети во деловниот сојуз.

Член 75г

Со промет на селскостопански производи на големо можат да се занимаваат трговските претпријатија на големо чија задача е снабдување на определено подрачје (претпријатија за снабдување) и трговските претпријатија на големо што имаат посебно одобрение за вршење промет на определени селскостопански производи (овластени претпријатија).

Член 75д

Претпријатието за снабдување го снабдува со селскостопански производи првенствено подрачјето што ќе му го определи основувачот, кој се грижи за снабдувањето на тоа подрачје.

Основувачот му ги определува на претпријатието за снабдување и трговските струки односно артиклите со кои може да работи тоа.

Претпријатието за снабдување купува селскостопански производи од земјоделските задруги, селскостопанските производителски организации, овластените претпријатија и увозните претпријатија, а од индивидуалните производители само под условите определени со оваа уредба и со прописите донесени врз основа на неа.

Претпријатието за снабдување продава селскостопански производи на мало преку своите продавници.

Претпријатието за снабдување може да им продава селскостопански производи на трговските стопански организации на мало, на стопанските организации што преработуваат селскостопански производи и на големите потрошувачи, но само преку пазарите на големо што се наоѓаат на подрачјето што му е определено за снабдување, како и од магацините што се наоѓаат на тоа подрачје.

Претпријатието за снабдување не може да им продава селскостопански производи на индустриските претпријатија што се занимаваат со преработка на селскостопански производи по цената повисока од онаа по која се купени стоките, зголемена за трошоците на превозот.

Член 75ѓ

Основувачот на претпријатието за снабдување односно органот што ќе го определи тој може писмено да му наложи на претпријатието за снабдување, да изврши под определени услови, одделни стопански работи со цел за обезбедување на снабдувањето на потрошувачите од своето подрачје (купување на определени количини одделни селскостопански производи, продажба на тие производи под определени услови, складирање, преработка итн.).

Ако за претпријатието за снабдување поради извршувањето на добиениот налог настане загуба или се зголемат трошоците, основувачот е должен да ја надомести настанатата фактична штета.

Член 75е

Овластеното претпријатие се занимава со промет на определени селскостопански производи врз основа на одобрението што според посебни прописи го дава сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет или органот на управата што ќе го определи тој.

До донесувањето на посебни прописи од претходниот став сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да пропише трговски претпријатија од определени трговски струки да можат да се занимаваат со промет на селскостопански производи на големо под условите определени со оваа уредба и без посебно одобрение.

Член 75ж

Со пропис на сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет се регулираат условите за вршење на прометот на стоки на пазарите.

Со прописот од претходниот став може да им се ограничи или да им се забрани на одделни стопански организации да купуваат селскостопански производи на пазари, да се ограничи или да се за-

брани прометот на одделни селскостопански производи на пазари, како и да се предвиди дека е основување, укинување и промена на статусот на одделни видови пазари потребно претходно одобрение од сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет или од органот на управата што ќе го определи тој.

Врз основа и во рамките на одредбите од оваа уредба и прописите од ставот 1 на овој член, општинскиот народен одбор донесува прописи со кои се регулира прометот на стоки на пазарите на подрачјето на општината.

Со прописите од претходниот став не може на купувачите и на продавачите што имаат седалиште односно што живеат надвор од општината на чие подрачје се одржува пазарот, да им се одбие или да им се ограничи правото на продажба и купување на стоки на пазарот, освен ако такво ограничување не е засновано врз одредбите од оваа уредба и прописот од ставот 1 на овој член.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да определи прописите од ставот 3 на овој член да се донесуваат со согласност од републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет.

Член 75з

Заради унапредување на прометот на селскостопански производи и за што подобро снабдување на потрошувачките центри, општинските народни одбори можат да основуваат пазари на големо на кои ќе се врши купување и продажба на селскостопански производи меѓу стопански организации.

За основување на пазари на големо потребно е одобрение од републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет.

На пазарот на големо можат да продаваат селскостопански производи земјоделските задруги и селскостопанските производителски организации, трговските претпријатија на големо кои според одредбите од оваа уредба можат да се занимаваат со промет на селскостопански производи на големо и увозните претпријатија.

На пазарот на големо можат да купуваат селскостопански производи трговските стопански организации, стопанските организации што се занимаваат со преработка на селскостопански производи, извозните претпријатија и големите потрошувачи.

Земјоделската задруга може да купува селскостопански производи на пазарот на големо само за потребите на своите членови и за преработката што ќе ја врши самата.

Продажбата на селскостопански производи на пазарот на големо може да се врши и според мостра или стандард односно опис на стоки, како и со организирано наддавање (на аукциски начин).

Општинскиот народен одбор на чие подрачје постои пазар на големо може да пропише организациите од ставот 1 на овој член да можат да продаваат селскостопански производи на големо само на пазарот на големо.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да донесе поблиски прописи за условите за основување, за организацијата и за работењето на пазарите на големо.

Член 75ѕ

Највисоките цени по кои земјоделските задруги ќе купуваат селскостопански производи од индивидуалните производители можат да се утврдуваат по пат на договор на состаноците што ги организираат Главниот задружен сојуз на Југославија односно републичките главни задружни сојузи.

Главниот задружен сојуз на Југославија определува за кои селскостопански производи ќе се врши договорање на состаноците што ги организира тој. За другите селскостопански производи договорањето може да се врши на состаноците што ги организираат републичките главни задружни сојузи.

Главниот задружен сојуз на Југославија е должен да го извести сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет за кои селскостопански производи ќе се врши договорање на состаноците што ги организира тој, како и за постигнатиот договор. Републичкиот главен задружни сојуз е должен да го извести републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет за кои селскостопански производи ќе се врши договорање на состаноците што ги организира тој, како и за постигнатиот договор.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да определи повторно да се изврши договорење за цените за кои е постигната спогодба во рамките на Главниот задружен сојуз на Југославија. Истото право го има републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет во поглед на договорот за цените постигнати во рамките на републичкиот главен задружен сојуз.

Член 75и

Претставниците на Сојузот на трговските комори на Југославија, на Сојузната надворешнотрговска комора, на Сојузната индустриска комора, на Сојузот на селскостопанско-шумарските комори на Југославија и на Главниот задружен сојуз на Југославија можат, на состаноците што ги организира Сојузот на трговските комори на Југославија, да се договараат за цените по кои стопанските организации што се занимаваат со промет односно преработка на селскостопански производи да купуваат одделни селскостопански производи од земјоделските задруги, од деловните сојузи и од селскостопанските производителски организации.

На состаноците од претходниот став се определува за кои селскостопански производи ќе се врши договорање на состаноците што ги организира Сојузот на трговските комори на Југославија. За другите селскостопански производи договорањето може да се врши на состаноците што ги организира републичката трговска комора, а на кои задолжително присуствуваат претставници од републичката трговска комора, од републичката селскостопанско-шумарска комора, од републичкиот главен задружен сојуз, од Сојузната надворешнотрговска комора и од Сојузната индустриска комора.

Сојузот на трговските комори на Југославија е должен да го извести сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет за договорите постигнати на состаноците што ги организирал тој.

Републичката трговска комора е должна да го извести републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет за договорите постигнати на состаноците што ги организирала таа.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да определи повторно да се изврши договорање за цените за кои е постигната спогодба во рамките на Сојузот на трговските комори на Југославија. Истото право го има републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет во поглед на договорите за цените постигнати во рамките на републичката трговска комора.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да определи на состаноците што ги организира Сојузот на трговските комори на Југославија во смисла на одредбите од овој член, да се врши договорање и за подрачјата на кои одделни стопански организации ќе можат да купуваат селскостопански производи.

Ако договорот за подрачјата не се постигне на начинот од претходниот став, подрачјата на кои одделни стопански организации можат да купуваат селскостопански производи може да ги определи сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет.

Член 75ј

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, со согласност од Секретаријатот

за селско стопанство и шумарство на Сојузниот извршен совет, може да ги определи селскостопанските производи за кои договарањето за цените на начинот од членот 75ѕ и 75и од оваа уредба е задолжително.

Договорите од претходниот став се полноважни кога ќе ги одобри сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, со согласност од Секретаријатот за селско стопанство и шумарство на Сојузниот извршен совет. Ако договорот се однесува на селскостопанските производи што служат како основна суровина за индустриска преработка, потребна е и согласност од Секретаријатот за индустрија на Сојузниот извршен совет.

Член 75к

Договарањето за цените во смисла на чл. 75ѕ, 75и и 75ј од оваа уредба, може да се врши само за селскостопанските производи за кои надлежниот државен орган не ги определил цените по кои ќе се купуваат тие производи.

Договорите за цените постигнати во смисла на одредбите од оваа уредба се задолжителни за стопанските организации од членот 75ѕ став 1 и членот 75и став 1 кога купуваат односно продаваат селскостопански производи за кои е постигната спогодба.

Договорите постигнати во рамките на Главниот задружен сојуз на Југославија и на Сојузот на трговските комори на Југославија се објавуваат во „Службен лист на ФНРЈ", а договорите постигнати во рамките на републичкиот главен задружен сојуз и на републичката трговска комора — во републичкиот службен весник.

Договорите за цените се задолжителни од денот на објавувањето на начинот од претходниот став.

Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет да донесе поблиски прописи за постапката и начинот на договарањето за цените во смисла на одредбите од оваа уредба.

Со прописите од претходниот став можат да се определат организациите и установите што ќе учествуваат во договарањето во смисла на одредбата од членот 75ѕ од оваа уредба.

Член 75л

Со цел за усмерување на селскостопанското производство според потребите на пазарот, стопанските организации можат со земјоделските задруги и со селскостопанските производителски организации да склучуваат договори за производство и испорака на селскостопански производи, и тоа пред почетокот на производството.

Договори за производство и испорака на селскостопански производи со индивидуални производители можат да склучуваат само земјоделските задруги, ако со посебни прописи не е определено поинаку.

Условите на договорите за производство и испорака на селскостопански производи (вид, количина и квалитет на селскостопанските производи, цена, срокови за испорака итн.) содоговорачите ги утврдуваат слободно, ако со посебни прописи за одделни селскостопански производи не е определено поинаку.

Со договорот за производство и испорака на селскостопански производи можат да се утврдат и обврските на земјоделската задруга односно на стопанската организација во поглед на давањето аванс во пари и во средства за репродукција, како и на други годности заради унапредување на селскостопанското производство.

Член 75љ

Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет да ги пропише условите и начинот на работењето на откупните станици.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може да ги пропише условите и начинот на кој определени големи потрошувачи одморалишта и угостителски стопански организации можат да купуваат селскостопански производи непосредно од индивидуалните производители и надвор од пазарите."

Член 2

Во членот 11 се додава нов став 3, кој гласи:

„Одобрението од претходниот став може да се даде само за промет на индустриски стоки."

Досегашните ст. 3, 4 и 5 стануваат ст. 4, 5 и 6.

Член 3

Во членот 63 ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

Член 4

Во членот 69 се додава нов став 2, кој гласи:

„Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет или органот на управата што ќе го определи тој може да им определи на трговските стопански организации за сите или за одделни артикли маржа за покритие на трошоците на работењето и извршувањето на обврските спрема општествената заедница."

Член 5

Во членот 70 на крајот од ставот 2 зборовите: „како и од индивидуалните производители" се заменуваат со зборовите: „како и цените по кои земјоделските задруги и другите стопански организации ќе купуваат селскостопански производи од индивидуалните производители."

Член 6

Во членот 92 став 1 точ. 1 и 9 се менуваат и гласат:

„1) ако врши трговска дејност без одобрение или противно на одобрението или противно на одредбите од оваа уредба и на прописите донесени врз основа на неа";

„9) ако не се придржува за договорите за цените постигнати на начинот предвиден со важечките прописи."

Член 7

Постојните стопански организации што се занимаваат со промет на селскостопански производи се должни да ја сообразат својата организација и работење со одредбите од оваа уредба во срок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Општинскиот народен одбор ќе определи во срок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, кои од постојните трговски претпријатија на големо од подрачјето на општината ќе работат како претпријатија за снабдување.

Правата и должностите на основувач предвидени во чл. 75д и 75ѓ од оваа уредба спрема претпријатијата што ќе бидат определени во смисла на претходниот став, ќе ги врши општинскиот народен одбор.

Во градовите поделени на општини околискиот народен одбор ќе определи дали тој самиот ќе ги врши правата и должностите предвидени со одредбите од главата VIII на оваа уредба за општинскиот народен одбор, или тие права и должности ќе ги врши општинскиот народен одбор.

Член 8

Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет да донесува поблиски прописи за спроведување на оваа уредба.

Член 9

Со влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Одлуката за одделните услови според кои можат стопанските организации да купуваат селскостопански производи непосредно од индивидуалните производители („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/55).

Член 10

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 174
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

### 304.

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ТРГОВСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Уредбата за стопанските организации за трговски услуги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/54) во членот 5 се додава нов став 3, кој гласи:

„Работите од ст. 1 и 2 на овој член со селскостопански производи трговските агенции можат да ги вршат само врз основа на посебно одобрение од сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет."

Член 2

Членот 13 се менува и гласи:

„Трговските агенции не можат да имаат деловни огранки.

Одредбата од претходниот став не се однесува на поморските агенции."

Член 3

Членот 18 се менува и гласи:

„Одредбите на чл. 7—12 и 14 од оваа уредба важат и во поглед на посредничките претпријатија и посредничките бирои.

Посредничките претпријатија и посредничките бирои можат да имаат деловни огранки само ако го одобри тоа сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет."

Член 4

Трговската агенција што не ќе прибави посебно одобрение од сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет во срок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, не може повеќе да ги врши работите од ст. 1 и 2 на членот 5 со селскостопански производи.

Постојните деловни огранки на трговските агенции ќе престанат со работата во срок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 175
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

### 305.

Врз основа на членот 54 став 2 од Законот за придонесот од доходот на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/57), членот 51 став 2 од Законот за придонесот за буџетите од личниот доход на работниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/57) и чл. 109 и 134 став 3 од Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57), во врска со точката 1 од Одлуката за овластување на Сојузниот извршен совет за донесување определени привремени прописи во областа на стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА И ЗА ПЛАЌАЊЕТО НА ИНТЕРЕС НА ФОНДОТ НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПОТРЕБИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Член 1

На предметите од основните средства претпријатијата што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија, на кои се однесуваат одредбите од членот 12 на Уредбата за стопанските претпријатија што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија, не се плаќа амортизација ниту интерес на фондот на основните средства за оние месечни периоди во кои тие предмети не се во употреба.

Кога предметите од основните средства од претходниот став се во употреба, се пресметува и се плаќа полна пропишана амортизација и интерес на фондот на основните средства, независно од степенот на користењето на тие предмети во односните месечни периоди.

По исклучок од одредбата од претходниот став:

1) специфичните машини, уредите и инсталациите што се определени за производство на муниција, воени експлозиви, барут и други исклучиви средства на наоружувањето, и се користат само за таа цел, подлежат на плаќање на амортизација во периодите во кои тие средства се во употреба — по годишна норма од 1%;

2) зградите ѕидани од I, II и III категорија, цистерните, резервоарите, водоводите, инсталациите за пречистување на вода, пароводите, разводните мрежи и патишта на муниционски и военохемиски погони, како и специјалните хали и хангари за авиони, подлежат на плаќање на амортизација во периодите во кои тие средства се во употреба — по годишна норма од 0,5%.

Книговодствените отпишувања на предметите од основните средства на кои се однесуваат одредбите од овој член, се вршат на крајот од годината врз основа на претсметката на амортизацијата која се составува според редовните норми од Одлуката за нормите на амортизацијата на основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/57 и 7/58), независно од степенот на користењето на тие предмети во текот на годината.

Член 2

Со денот на почетокот на применувањето на оваа уредба престанува да важи Уредбата за распоределба на вкупниот приход на стопанските претпријатија што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/55, 19/56 и 18/57).

Член 3

Поблиски прописи за спроведување на оваа уредба ќе донесува, по потреба, Државниот секретаријат за работите на народната одбрана.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 170
16 април 1958 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

### 306.

Врз основа на одредбата од главата XXVI на Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗНОСИТЕ ШТО ПОЛИТИЧКОТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ЕДИНИЦИ ГИ ИЗДВОЈУВААТ КАКО БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА ВО 1958 ГОДИНА

1. Општините, околиите, автономните единици и народните републики се должни од сите приходи на своите буџети за 1958 година да издвојат 4% како буџетска резерва, покрај износот што го издвојуваат во височина од 2% согласно со ставот 1 од одделот 2 главата XXIV на Сојузниот оп-

штествен план за 1958 година, така што од сите приходи на своите буџети за 1958 година да издвојат вкупно 6% како буџетска резерва.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

Р. п. бр. 181
16 април 1958 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**307.**

Врз основа на ставот 1 главата XXVI на Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ВИРМАН НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН ПЛАН ЗА 1958 ГОДИНА И ВО СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ ЗА 1958 ГОДИНА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОБЛАСТИ

1. Во рамките на вкупните средства предвидени во точката II од главата XXIII на Сојузниот општествен план за 1958 година, односно во разделот 69 на Сојузниот буџет за 1958 година за унапредување на стопанските области, се врши вирман, и тоа:

1) средствата за геолошко-рударски истражувачки работи се намалуваат за 350,000.000 динари;

2) средствата за унапредување на индустриското производство се зголемуваат за 350,000.000 динари.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година, како ден на почетокот за применувањето на Сојузниот општествен план за 1958 година.

Р. п. бр. 180
16 април 1958 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**308.**

Врз основа на членот 227 од Законот за работните односи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРОПИСИ СПОРЕД ЧЛЕНОТ 227 ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

I. Се овластува Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трудот да донесува, во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, прописи за најмалите износи на надоместокот на трошоците за службени патувања, теренски додатоци и надоместоци поради одвоен живот од фамилијата, како и за селидбени трошоци на работниците на стопанските организации.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 184
16 април 1958 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**309.**

Врз основа на членот 66 став 1 и членот 67 став 1 од Основниот закон за буџетите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ ДОТАЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШНИОТ И ДРУГИТЕ ОДМОРИ

1. Од средствата на буџетската резерва предвидена во Сојузниот буџет за 1958 година, се дава, без обврска за враќање, износот од 300 милиони динари за подобрување на условите за користење на одморот на работните луѓе и младината.

2. Доделените средства можат да се користат за изградба на излетишта во околина на големите градови и индустриските центри, и за изградба, адаптација и опрема на туристички објекти што ќе служат за одмор на работните луѓе и младината.

3 Средствата од точката 1 се распределуваат на народните републики, и тоа на:

| | | |
|---|---|---|
| НР Србија — — — — — — | 100 | милиони динари |
| НР Хрватска — — — — — | 80 | „ „ |
| НР Словенија — — — — — | 42 | „ „ |
| НР Босна и Херцеговина | 45 | „ „ |
| НР Македонија — — — — | 22 | „ „ |
| НР Црна Гора — — — — | 11 | „ „ |

Републичкиот извршен совет ќе ги определи органите и организациите кои можат да бидат корисници на средствата добиени според претходниот став.

4. Средствата дадени според оваа одлука можат да се користат само ако корисниците претходно добијат за истите цели од средствата на народните републики и народните одбори, без обврска за враќање, ист толкав износ колкав користат според оваа одлука, со тоа народната република да обезбеди најмалку 60% од тој износ.

5. Барањата за доделување на средства корисниците му ги поднесуваат на републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет. Кон барањето корисникот задолжително доставува програма за употреба на средствата според намената предвидена во точката 2 од оваа одлука.

6. Републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет врз основа на примените барања составува програма за употреба на средствата за народната република и му ја доставува на одобрение на републичкиот извршен совет.

Републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет со програмата го доставува и мислење од републичкиот совет за туризам.

Републичкиот извршен совет ја одобрува програмата за употреба на средствата и ги распоредува средствата на корисниците.

7. Надзор над употребата на средствата, над водењето на евиденција и над одржувањето на прибавените основни средства од страна на корисниците, вршат надлежните инспекциски органи на општинскиот народен одбор.

8. Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, ќе ги определи:

1) постапката за користење на одобрените средства од страна на корисниците;

2) начинот на водење евиденција за основните средства прибавени од одобрените средства;

3) начинот на кој ќе се пресметува амортизацијата за замена на прибавените основни средства.

9. Сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет може користењето на одобрените средства да им го запре на корисниците кои не ги користат средствата за намените предвидени со оваа одлука.

10. Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, издава упатства за примена на оваа одлука.

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 187
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**310.**

Врз основа на точката 2 главата XX на Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ЗАЕМИ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА ВО 1958 ГОДИНА НА НОВООСНОВАНИТЕ ТРГОВСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Банките и штедилниците (во натамошниот текст: банките) на трговските претпријатија основани во 1958 година можат да им одобруваат до крајот на 1958 година заеми за обртни средства, ако на тие претпријатија основувачот им обезбеди најмалку 25% од износот на обртните средства потребни за нивно редовно работење.

2. Заемите од претходната точка се одобруваат со срок за враќање до 10 години.

Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите може да пропише за новооснованите трговски претпријатија од определени дејности и срок за враќање подолг од срокот утврден во претходниот став.

3. За заемите од точката 1 на оваа одлука се плаќа интерес по нормата по која се плаќа интерес на фондот на обртните средства на трговските стопански организации.

4. За отплатување на заемите одобрени според оваа одлука важат прописите за отплатувањето на заемите за основни и обртни средства на стопанските организации.

5. На заемите што се одобруваат според оваа одлука ќе се применуваат прописите што важат за одобрувањето на заеми и кредити за обртни средства на стопанските организации, ако со оваа одлука не е определено поинаку.

6. Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите може, по потреба, да донесе поблиски прописи за спроведување на оваа одлука.

7. Народната банка може да пропишува упатства за начинот на испитување на одделни барања на стопанските организации за добивање заеми, за постапката и за методот на работа при одобрувањето на заемите, како и за начинот на водењето на евиденција за дадените заеми, кои се задолжителни за сите банки.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 142
15 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**311.**

Врз основа на точката 2 ставот 2 одделот 1 главата XIX на Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УПЛАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ПРОМЕТОТ НА ЖИТО ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРОМЕТОТ НА ЖИТО

1. Во Одлуката за уплата на придонесот од прометот на жито за унапредување на производството и прометот на жито („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/57) во точката 1 по зборовите: „Општите земјоделски задруги" се става запирка и се додаваат зборовите: „земјоделските стопанства, селанските работни задруги и економиите".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 185
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**312.**

Врз основа на ставот 2 точката 2 одделот 1 главата XIX и одделот 1 главата XXV на Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ПРОМЕТОТ НА ПЧЕНКА, ЈАЧМЕН И ОВЕС ОД РОДОТ НА 1957 ГОДИНА ЗА ДАВАЊЕ ПРЕМИИ ЗА ИЗВОЗ

1. Земјоделските задруги и селскостопанските производителски организации (земјоделските стопанства, селанските работни задруги и економиите) се должни на претпријатието овластено за промет на жита на големо или на претпријатието овластено за извоз на жита да му уплатат на посебната сметка кај Народната банка за давање премии за извоз износ од 4 динари за 1 кг пченка, јачмен или овес од родот на 1957 година продаден во смисла на Наредбата за гарантираните цени на житата од родот на 1957 и 1958 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/57).

2. Поблиски прописи за уплатувањето од претходната точка донесува сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, во согласност со сојзуниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 182
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, Потпретседател,
**Вељко Зековиќ**, с. р. **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**313.**

Врз основа на одредбата под а) од ставот 1 одделот 1 главата XXV од Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА КАДЕЛА И КУЧИНА

I. За вијана кадела од Ia класа, со 2% поздер и 2% кучина, во боја светлосребренеста, светложолтикава или светлозеленкаеста, со цврсто влакно, во должина над 125 см, со искинати краишта, мека, со маснотии, се определува највисоката продажна цена од 290 динари за 1 кг.

За другите видови кадела и кучина се определуваат цените со примена на следните коефициенти врз цената од претходниот став, и тоа:

| Вид | Класа | Коефициент |
|---|---|---|
| 1) Вијана квасена кадела | IIa | 0,93 |
| „ „ „ | IIIa | 0,84 |
| 2) Зелена вијана кадела | Ia | 0,75 |
| „ „ „ | IIa | 0,70 |
| „ „ „ | IIIa | 0,63 |
| 3) Вијана квасена кучина | Ia | 0,60 |
| „ „ „ | IIa | 0,54 |
| „ „ „ | IIIa | 0,49 |
| 4) Тресена квасена кучина | Ia | 0,46 |
| „ „ „ | IIa | 0,39 |
| „ „ „ | IIIa | 0,34 |
| 5) Зелена вијана кучина | Ia | 0,45 |
| „ „ „ | IIa | 0,40 |
| „ „ „ | IIIa | 0,36 |
| 6) Тресена зелена кучина | | 0,29 |

II. Цените од претходната точка се подразбираат франко складот на производителот.

III. Сојузниот уред за цени ќе се грижи за извршувањето на оваа одлука и ќе донесува, по потреба, упатства за нејзиното спроведување.

IV. Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат продажните цени на каделата и кучината определени со точката I под 23 од Одлуката за определување највисоките продажни цени за определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/56).

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 189
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.
Потпретседател, **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**314.**

Врз основа на членот 11 став 1 и членот 8 став 2 од Законот за буџетот на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузниот буџет) за 1958 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА СОИНИ САЧМИ И СОИНИ ПОГАЧИ

1. На фабриките за масло им се дава регрес во износ од 10 динари по килограм за продадените количини соина сачма и соини погачи.

2. Исплатата на регресот според оваа одлука паѓа на товар на средствата предвидени во точката II под 2 од главата XXIII на Сојузниот општествен план за 1958 година и во главата 2 од разделот 69 на Сојузниот буџет за 1958 година за регреси во селското стопанство.

3. Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите ќе донесе поблиски прописи за примена на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува на сите количини соина сачма и соини погачи продадени по цените од Одлуката за определување на највисоките продажни цени на храната за добитокот од индустриско потекло („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/58).

Р. п. бр. 183
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.
Потпретседател, **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

**315.**

Врз основа на одредбата под а) од ставот 1 одделот 1 главата XXV на Сојузниот општествен план за 1958 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ДЕРИВАТИ НА НАФТА

I. Се определуваат највисоките малопродажни цени во следните деривати на нафта:

| | | Дин/кг |
|---|---|---|
| 1) моторен бензин од 70/72 октани | | 78 |
| 2) моторен бензин од 74 „ | | 82 |
| 3) моторен бензин од 80 „ | | 88 |
| 4) моторен бензин од 84 „ | | 92 |
| 5) моторен петрол од 30 „ | | 63 |
| 6) плинско масло — Дизел гориво | Д1 | 73 |
| | Д2 | 63 |
| | Д3 | 50 |
| | Д4 | 40 |

II. Продажните цени на маслото за горење од сите видови не можат да бидат поголеми од цените по кои тоа масло се продавало во декември 1957 година.

III. Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет да може, по потреба, да ги утврдува паритетните цени за другите асортимани нафтини деривати, врз база на цените од оваа одлука.

IV. Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат цените за производите од точката I на оваа одлука определени:

1) Со точката I од Одлуката за определување на највисоките продажни цени за определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/55) — за моторен бензин од 74 и 80 октани;

2) со Решението за определување на највисоките продажни цени на моторниот бензин, моторниот петрол и плинското масло („Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/54).

V. Се овластува сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите да го пропише начинот за пресметување и уплатување на разликите во цените по оваа одлука.

VI. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 186
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.
Потпретседател, **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

316.

Врз основа на точ. 4 и 11 одделот 4 главата XIX на Сојузниот општествен план за 1958 година и чл. 4 и 5 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАЕМИТЕ ШТО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ГИ ДАВА ЗА НАБАВКА НА ОПРЕДЕЛЕНА ОПРЕМА ОД УВОЗОТ

I. Во Одлуката за заемите што Југословенската инвестициона банка ги дава за набавка на определена опрема од увозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/58) во точката 3 се менуваат одредбите под 1) и 2) така што да гласат:

„1) инвеститорот да учествува во трошоците на инвестициите кај патни возила со 20% а кај друга опрема, вклучувајќи ги и дамперите, со 5% од вредноста на опремата;

2) срокот за отплатување за лучките кревалки да изнесува до 20 години, за патните возила до 5 години, а за другата опрема, вклучувајќи ги и дамперите, до 10 години."

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 188
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател, **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

317.

Со оглед на тоа дека се основани тарифни комисии кои забрзано работат на утврдување на основите врз кои треба да се изградат новите тарифни правилници во стопанските организации заради обезбедување единствена тарифна политика во стопанството, и со оглед на тоа дека преуранетото донесување на нови тарифни правилници би претставувало пречка за ефикасно средување на односите во поглед на утврдувањето на тарифните ставови во тарифните правилници, Сојузниот извршен совет, врз основа на чл. 22 и 24 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, дава

## ПРЕПОРАКА

### ЗА ПРИГОТВУВАЊАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТАРИФНИТЕ ПРАВИЛНИЦИ

I. Им се препорачува:

1) на работничките совети на стопанските организации да не поведуваат постапка за донесување нови тарифни правилници, но да вршат потребни приготвувања за нивно донесување според упатствата од тарифните комисии;

2) на општинските собори на производителите да обезбедат извршување на приготвувањата за донесување нови тарифни правилници и да осигурат соработка на работничките совети на стопанските организации со тарифните комисии и со другите органи и организации заради средување на тарифните ставови во тарифните правилници, од гледиштето на нивната усогласеност во рамките на комуната, стопанските гранки и области, односно од гледиштето на целината;

3) на органите овластени на давање согласност на тарифните правилници да не даваат своја согласност додека тарифните комисии не ги утврдат своите ставови, туку да се послужат со своето право за ставање забелешки од членот 189 на Законот за работните односи.

II. Точката I под 1) не се однесува на стопанските организации што се основуваат во 1958 година, ниту на новите работни места.

III. Додека не се утврдат единствените мерила врз основа на кои ќе се изработуваат новите тарифни правилници, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трудот ќе даде упатства за донесување на оние тарифни правилници што мораат итно да се донесат.

Р. п. бр. 179
16 април 1958 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател, **Родољуб Чолаковиќ**, с. р.

318.

Врз основа на членот 18 став 2 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), а на предлог од Југословенската инвестициона банка, сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ПОДНЕСУВА МЕСТО ИНВЕСТИЦИОНИОТ ЕЛАБОРАТ КОН БАРАЊАТА ЗА ЗАЕМИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО

1. Во Наредбата за документацијата што се поднесува место инвестициониот елаборат кон барањата за заеми за инвестиции во селското стопанство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/57) по точката III се додава нова точка IIIа, која гласи:

„IIIа. Кон барањето за заем за набавка на добиток чија вредност го преминува износот од 3 милиони динари заемобарателот може, место инвестициониот елаборат предвиден во членот 18 став 1 од Уредбата за заемите за инвестиции да ја поднесе покрај општите податоци следната документација, и тоа:

а) кога добитокот за чија набавка се бара заем, заедно со добитокот што заемобарателот веќе го има, не преминува 40 условни грла по 1 хектар користени земјишни површини на заемобарателот (пасишта, ливади и ораници), заемобарателот поднесува податоци што се однесуваат на:

1) големината и структурата на селскостопанската површина;

2) деловниот и финансискиот резултат што заемобарателот го постигнал за последните три години;

3) бројната состојба на стручните кадри во моментот на барањето на заем;

4) состојбата и вредноста на основните средства според последната завршна сметка;

5) сопствените фондови според последната завршна сметка или последната месечна состојба;

6) постојните долгорочни обврски;

7) завршната сметка на заемобарателот за изминатата година;

8) спецификацијата на добитокот што се набавува;

9) состојбата и можноста за сместување на добитокот, што заемобарателот го има и што го набавува;

10) бројната состојба на добитокот на заемобарателот по видови и категории со претсметката во условни грла — пред и по набавката на добитокот;

11) калкулацијата на производството на сточниот фонд;

12) пресметката на обртните средства.

б) кога добитокот за чија набавка се бара заем заедно со добитокот што го има заемобарателот, преминува 40 условни грла по 1 ха користени земјишни површини на заемобарателот (пасишта, ливади и ораници), заемобарателот покрај податоците наведени под а) поднесува и податоци кои се однесуваат на:

1) засеаните површини и обемот на поледелското производство во текуштата година;

2) пресметката на потрошувачката на сточна храна и простирка;

3) обртот на стадото.

Податоците наведени во оваа точка под а) и б) заемобарателите се должни да ги поднесат на обрасци што ќе ги пропише Југословенската инвестициона банка."

2. Точката IV се менува и гласи:

„IV. Точноста на податоците внесени во елаборатот од точ. III и IIIа од оваа наредба, како и оправданоста на набавките на опрема односно добиток, ќе ти потврди органот надлежен за работите на стопанството на околискиот народен одбор врз основа на мислење од комисијата за ревизија на инвестиционата програма на околискиот народен одбор."

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 07—6575/1
10 април 1958 година
Белград

Го заменува
Државниот секретар
за работите на финансиите
Државен потсекретар,
**Зоран Полич**, с. р.

## 319.

Врз основа на членот 3 став 2 од Уредбата за прометот на жито и на преработки од жито на големо („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/58) сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, издава

### НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ЖИТАТА И НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИТА

1. Во Наредбата за продажните цени на житата и на производите од жита („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/57), точката 10 се менува и гласи:

„Стопанските организации што се занимаваат со промет на жито ќе ги продаваат пченката, пченкарното брашно, јачменот (освен пиварскиот), овесот и крупицата во промет на големо и во промет на мало по калкулативните цени.

Калкулативните цени се формираат на тој начин што врз набавната цена се додаваат трошоците на превозот и трошоците на трговијата.

Трошоците на трговијата на големо ќе ги одобрува на стопанската организација републичкиот орган на управата надлежен за работите на стоковниот промет, а трошоците на трговијата на мало органот на управата надлежен за работите на стоковниот промет на општинскиот народен одбор."

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 2587/1
19 април 1958 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот
промет,
**Марјан Брецељ**, с. р.

## 320.

Врз основа на членот 70 став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/55, 1/57, 24/57 и 31/57), сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, со согласност од сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите и со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за селско стопанство и шумарство издава

### НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА ПЧЕНКА, ЈАЧМЕН И ОВЕС ОД РОДОТ НА 1957 ГОДИНА ОД ИНДИВИДУАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

1. Земјоделските задруги ќе купуваат пченка, јачмен и овес од родот на 1957 година од индивидуалните производители по цената од најмалку 23 динари за 1 кг.

Одредбата од претходниот став не се однесува на количините на пченка, јачмен и овес што индивидуалните производители ги испорачуваат врз основа на договор за производство и испорака на тие производи (контрахираните количини).

2. Цените од точката 1 на оваа наредба важат за квалитетот определен во Наредбата за определување цените за купување на ушур и уем („Службен лист на ФНРЈ" бр. 50/56 и 32/57), со тоа што за пченката испорачана по влегувањето во сила на оваа наредба, ако таа содржи повеќе од 14% влага, нема да се одбиваат од цената трошоците за вештачко сушење на пченката.

Цените од точката 1 на оваа наредба важат за пченката, јачменот и овесот испорачан франко вагон утоварната станица на продавачот, или франко магацин железничката станица на продавачот, или франко шлеп на товарното пристаниште на продавачот, или франко магацин на земјоделска задруга.

3. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 2588/1
19 април 1958 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ**, с. р.

## 321.

Врз основа на членот 3 став 1 од Уредбата за прометот на жито и на преработки од жито на големо („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/58) сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет издава

### НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦЕНИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА УШУР И УЕМ

1. Во Наредбата за определување цените за купување на ушур и уем („Службен лист на ФНРЈ",

бр. 50/56 и 32/57) во точката I став 1 одредбите под точ. 3, 4 и 5 се заменуваат со одредбата која гласи:

„3) пченка, јачмен (освен пиварскиот) и овес 27 динари за 1 кг".

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 2586/1
19 април 1958 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ**, с. р.

**322.**

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/55, 1/57, 24/57 и 31/57) и членот 3 под а) точка 5 алинеја 4 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56, 43/56 и 21/57), а во врска со точката 1 став 2 од Наредбата за определување условите под кои може да се врши контрахирање на индустриски растенија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/57) и точката 6 став 1 од Наредбата за определување условите под кои може да се врши контрахирањето на тутун („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/57), во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите и со Секретаријатот за селско стопанство и шумарство на Сојузниот извршен совет, сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет издава

## НАРЕДБА

### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ НА ТУТУНОТ ОД РОДОТ НА 1958 ГОДИНА

1. Контрахирањето и купувањето на тутун од родот на 1958 година ќе го вршат овластените стопански организации по цените што спогодбено ги утврдиле Сојузната индустриска комора, Сојузот на селскостопанско-шумарските комори на Југославија и Сојузот на трговските комори на Југославија со тоа што највисоката просечна откупна цена на тутунот од родот на 1958 година да се утврдува на 237 динари за 1 килограм, а врз основа на неа највисоките просечни откупни цени за одделни типови тутун изнесуваат, и тоа:

| | Дин./кг |
|---|---|
| за македонскиот — — — — — — — | 270 |
| за јадранскиот — — — — — — — — | 240 |
| за дринско-моравскиот: | |
| — од територијата на Србија — — | 180 |
| — од подрачјето на Босна — — — | 120 |
| за војводинскиот — — — — — — | 100 |

2. Врз основа на највисоките просечни откупни цени од претходната точка се утврдуваат највисоките договорени откупни цени за одделни класи и видови тутун по кои овластените стопански организации ќе вршат договорање и купување на тутун од родот на 1958 година, и тоа:

**А) За македонските типови тутун**

Тип „Јака"

| | | | Дин/кг |
|---|---|---|---|
| I категорија | | | |
| | Класа | I | 1.890 |
| | | II | 1.440 |
| | | IIIa | 1.035 |
| | | IIIб | 810 |
| | | IVa | 600 |
| | | IVб | 430 |
| | | V | 200 |
| | | VI | 80 |
| II категорија | | | |
| | Класа | I | 675 |
| | | II | 550 |
| | | III | 380 |
| | | IV | 260 |
| | | V | 135 |
| | | VI | 70 |
| | Мувлосани тутуни | | 45 |
| | Никотински тутун | | 5 |

Тип „Прилеп"

| | | | |
|---|---|---|---|
| I категорија | | | |
| | Класа | I | 1.575 |
| | | II | 1.215 |
| | | IIIa | 810 |
| | | IIIб | 650 |
| | | IVa | 470 |
| | | IVб | 350 |
| | | V | 180 |
| | | VI | 70 |
| II категорија | | | |
| | Класа | I | 500 |
| | | II | 405 |
| | | III | 305 |
| | | IV | 215 |
| | | V | 115 |
| | | VI | 65 |
| | Мувлосани тутуни | | 45 |
| | Никотински тутун | | 5 |

Тип „Отља"

| | | | |
|---|---|---|---|
| I категорија | | | |
| | Класа | I | 810 |
| | | IIa | 675 |
| | | IIб | 585 |
| | | IIIa | 495 |
| | | IIIб | 390 |
| | | IVa | 325 |
| | | IVб | 205 |
| | | Va | 160 |
| | | Vб | 135 |
| | | VI | 70 |
| | Мувлосани тутуни | | 45 |
| | Никотински тутун | | 5 |

**Б) За херцеговскиот тип тутун (Јадранско подрачје)**

| | | |
|---|---|---|
| Класа | Ia | 810 |
| | Iб | 700 |
| | IIa | 645 |
| | IIб | 520 |
| | IIIa | 445 |
| | IIIб | 350 |
| | IVa | 295 |
| | IVб | 215 |
| | Va | 180 |
| | Vб | 125 |
| | VI | 70 |
| Мувлосани тутуни | | 45 |
| Никотински тутун | | 5 |

**В) За типот тутун од подрачјето на Босна**

| | | |
|---|---|---|
| Класа | Ia | 495 |
| | Iб | 405 |
| | IIa | 380 |
| | IIб | 305 |
| | IIIa | 280 |
| | IIIб | 225 |
| | IVa | 180 |
| | IVб | 150 |
| | Va | 120 |
| | Vб | 90 |
| | VI | 60 |
| Мувлосани тутуни | | 45 |
| Никотински тутун | | 5 |

Тутунот произведен на подрачјето на Фоча ќе се откупува, и тоа:

— тутунот со пофино ткиво и светла боја: по највисоките откупни цени утврдени за поткласите б) за херцеговскиот тип тутун;

— другите квалитети: по највисоките откупни цени утврдени за типот тутун од подрачјето на Босна.

**Г) За типот „Бајина Башта"**

| | | Дин./кг. |
|---|---|---|
| Класа | I | 675 |
| | II | 585 |
| | IIIа | 405 |
| | IIIб | 315 |
| | IVа | 270 |
| | IVб | 215 |
| | V | 135 |
| | VI | 70 |
| Мувлосани тутуни | | 45 |
| Никотински тутун | | 5 |

**Д) За типот „Житковац"**

| | | |
|---|---|---|
| I категорија | | |
| Класа | I | 720 |
| | II | 585 |
| | III | 450 |
| | IV | 315 |
| | V | 200 |
| | VI | 70 |
| II категорија | | |
| Класа | I | 495 |
| | II | 405 |
| | III | 315 |
| | IV | 225 |
| | V | 135 |
| | VI | 60 |
| Мувлосани тутуни | | 45 |
| Никотински тутун | | 5 |

**Ѓ) За војводинскиот тип тутун**

| | | |
|---|---|---|
| Класа | I | 210 |
| | II | 165 |
| | III | 130 |
| | IV | 110 |
| | V | 80 |
| | VI | 55 |
| Мувлосани тутуни | | 45 |
| Никотински тутун | | 5 |

**Е) За типот тутун „Подравина"**

| | | |
|---|---|---|
| Класа | I | 230 |
| | II | 180 |
| | III | 130 |
| | IV | 70 |
| Мувлосани тутуни | | 45 |
| Никотински тутун | | 5 |

**Ж) За тутунот од подрачјето на Истра**

1) Сув тутун

| | | |
|---|---|---|
| Категорија А | | |
| Класа | I | 900 |
| | II | 720 |
| | III | 540 |
| | IV | 360 |
| | V | 270 |
| | VI | 180 |
| Категорија В | | |
| Класа | I | 720 |
| | II | 540 |
| | III | 360 |
| | IV | 270 |
| | V | 180 |
| | VI | 125 |
| Мувлосан тутун | | 110 |
| Ситен тутун I класа | | 90 |
| Ситен тутун II класа | | 60 |

2) Зелен тутун

| | Дин./кг |
|---|---|
| I полна кондиција | 50 |
| 1 степен на оштетувањето | 40 |
| 2 степен на оштетувањето | 20 |
| 3 степен на оштетувањето | 10 |
| II полна кондиција | 35 |
| 1 степен на оштетувањето | 25 |
| 2 степен на оштетувањето | 10 |
| 3 степен на оштетувањето | 8 |
| III полна кондиција | 25 |
| 1 степен на оштетувањето | 12 |
| 2 степен на оштетувањето | 8 |
| 3 степен на оштетувањето | 4 |

3. По цените од точката 2 на оваа наредба овластените стопански организации ќе вршат договорање и купување на тутун од родот на 1958 година како од индивидуалните производители, така и од земјоделските задруги.

4. Цените од точката 2 на оваа наредба важат франко вагон или магацин на откупната станица, според изборот на купувачот.

Тутуните во низи (нескалапени) ќе се откупуваат, и тоа: тутуните од I и II класа по цената за III класа, а другите класи за една класа пониско, освен VI класа.

Невообичаено влажните тутуни, покрај тоа што ќе се одбие со вештачење утврдената одвишна влага, ќе се откупуваат по цената за една класа пониско.

Тутуновото лисје и отпадоците од тутуново лисје што се неупотребливи за изработка на тутунски преработки, а можат да се употребат за фабрикација на никотин, ќе се откупуваат по цените предвидени за никотинскиот тутун од точката 1 на оваа наредба.

Ако песок, земја или други туѓи предмети се смешани со тутунот, нивната тежина утврдена со вештачење ќе се одбие од тежината на тутунот.

Тутуните од недоговорени типови ќе се откупуваат по цената за една класа пониско од оние што важат за видот недоговорен тип тутун.

5. Овластените стопански организации ќе го купуваат тутунот по цените од точката 2 на оваа наредба, а според узансите за одделни видови и класи тутун (Соопштение за узансите за одделни видови и класи тутун — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 38/56 и 19/57).

6. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 2423
12 април 1958 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ, с. р.**

**323.**

Врз основа на точката 5 од Одлуката за средствата кои од стопанските резерви на федерацијата му се доделуваат на Општиот инвестиционен фонд и за начинот на користење на тие средства („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/58), сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет, а на предлог од Југословенската инвестициона банка, пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ОДОБРУВАЊЕ ЗАЕМИ ОД СРЕДСТВАТА НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ ШТО СЛУЖАТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ СО СТРАНСТВО

1. Од износот од една милијарда динари кои, според Одлуката за средствата што од стопанските резерви на федерацијата му се доделуваат на Оп-

5. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 мај 1958 година.

Бр. 402
9 април 1958 година
Белград

Секретар
за сообраќај и врски,
**Пеко Дапчевиќ**, с. р.

325.

Врз основа на членот 97 став 1 од Законот за превозот на железниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/57), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сообраќај и врски издава

## НАРЕДБА
### ЗА НОРМИТЕ НА РЕДОВНАТА ЗАГУБА ВО ТЕЖИНА НА СТОКИТЕ ПРИ ПРЕВОЗОТ СО ЖЕЛЕЗНИЦА

1. Кај стоките што според својата особена природа редовно губат во тежина при превозот, железницата одговара само за оној дел загуба во тежина кој ги преминува следните норми на загубата, и тоа:

1) 2% кај течните стоки, кај стоките предадени на превоз во влажна состојба како и кај следните стоки: свеж зеленчук, свежи печурки, корења, коренести и кртолести билки, свежо и сушено овошје, свежо тутуново лисје, сечен тутун, хмел, дрво за бојосање (стругано и мелено), кори од дрво, сурови и преработени кожи, отпадоци од кожа, волна и други животински влакна (свињски и коњски влакна итн.), крзна, рогови, чапунки, животински жили, коски цели или мелени, сушена риба, маст, цврсти масла, сапун, свежо лепило, сол, јаглен, тресет и кокс;

2) 1% кај другите стоки што при превозот се подложни на загуба во тежина.

2. Ако по еден товарен лист се превезуваат повеќе парчиња различни стоки што според својата особена природа редовно губат во тежина при превозот, нормата на загубата во тежина од точката 1 на оваа наредба се смета за секое парче ако е неговата тежина посебно назначена во товарниот лист или ако може да се утврди на некој друг начин.

3. Во случај на потполна загуба на стоки, при пресметувањето на отштетата не се врши никакво одбивање на име загуба во тежина при превозот.

4. Одредбите од претходните точки не влијаат врз примената на членот 96 став 1 точка 4 од Законот за превозот на железниците.

5. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 мај 1958 година.

Бр. 401
9 април 1958 година
Белград

Секретар
на Сојузниот извршен совет
за сообраќај и врски,
**Пеко Дапчевиќ**, с. р.

326.

Врз основа на членот 46 став 4 од Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за индустрија издава

## НАРЕДБА
### ЗА ОСВОЈУВАЊЕТО НА НОВО ПРОИЗВОДСТВО

1. Под освојување на ново производство во смисла на Законот за средствата на стопанските организации се подразбира:

1) изучувањето на нови технолошки постапки што стопанската организација не ги применувала и приготвувањето на производство по такви технолошки постапки;

2) изучувањето и приготвувањето на производство на производи што стопанската организација дотогаш ги произведувала, но чии физички, хемиски и конструкциски особини во основа се менуваат, или во чија технолошка постапка се внесуваат извесни промени, со што се подобрува квалитетот на производите и на нормите за работа, а се намалува циклусот на производството и потрошувачката на материјали, односно битно се зголемува капацитетот на производството или се врши супституција на увозни и дефицитарни производи;

3) изработката на прототипови и пробни серии на производи од претходните точки.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 657/1
16 април 1958 година
Белград

Секретар
на Сојузниот извршен совет за
индустрија,
**Маријан Цветковиќ**, с. р.

327.

Врз основа на членот 30 став 5 од Уредбата за стипендиите за школување и усовршување во странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/56), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за народно здравје во согласност со Државниот секретаријат за надворешни работи пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И ПЛАЌАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА УПАТЕНИ НА ШКОЛУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Обезбедувањето на средствата и пресметувањето и плаќањето на трошоците на здравствената заштита на лицата што како стипендисти се упатуваат на школување и усовршување во странство, во обемот определен со одредбите од членот 30 на Уредбата за стипендиите за школување и усовршување во странство, се врши на начинот предвиден со овој правилник.

Член 2

Здравствената заштита според одредбите од овај правилник ја остваруваат:

1) лицата упатени на усовршување во странство што ќе останат во работен однос;

2) лицата на кои работниот однос им е прекинат поради школување односно усовршување во странство, а кои имаат право на здравствена заштита според важечките прописи;

3) лицата вон работен однос што се упатуваат на школување односно усовршување во странство, а кои имаат право на здравствена заштита во ист обем и под исти услови како и осигурениците од членот 47 точка 3 од Уредбата за спроведување на Законот за здравственото осигурување на работниците и службениците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/54).

Член 3

Секој државен орган, установа или организација што упатува одделни лица во странство заради школување или усовршување му доставува на Сојузниот завод за социјално осигурување (во натамошниот текст: Заводот) примерок од решението со кое се определува лицето заради школување или усовршување во странство како стипендист.

Државниот орган, установата односно организацијата е должна да обезбеди средства за подмирување на трошоците на здравствената заштита во странство на лицата од членот 2 точка 3 на овој правилник и при доставувањето на решението за определување на вакво лице заради школување

или усовршување во странство да го извести Заводот дека има во својата претсметка обезбедени средства.

Заводот непосредно го известува надлежното претставништво на Југославија во странство за правото на користење здравствена заштита на определени стипендисти за школување или усовршување во странство.

Член 4

Лицата упатени на школување или усовршување во странство како стипендисти можат да ја користат здравствената заштита во странство на начинот, во обемот и под условите што се определени со Упатството за користењето и плаќањето на здравствените услуги во странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/55).

Трошоците за користење на здравствената заштита во странство ги исплатува надлежното претставништво на Југославија од депозитот што за таа цел ќе му го стави на располагање Заводот. Височината на депозитот за секое претставништво посебно ја утврдува Заводат во спогодба со Државниот секретаријат за надворешни работи.

Начинот на пресметувањето и плаќањето на трошоците на здравствените услуги ќе се врши според одредбите од точ. 18—20 на Упатството за користењето и плаќањето на здравствените услуги во странство.

Член 5

Трошоците на здравствената заштита за лицата од членот 2 точ. 1 и 2 на овој правилник ги поднесува надлежниот завод за социјално осигурување, а за лицата од точката 3 на истиот член — давателот на домашна стипендија односно државниот орган, установата или организацијата преку кои е дадена странската стипендија.

Член 6

Износот на трошоците за лицата од членот 2 точка 3 на овој правилник му се надоместува на Заводот:

1) во девизни средства, ако давателите на домашна стипендија се стопански организации;

2) во динарски средства по званичниот курс со премија од 100% врз званичниот курс, ако давателите на домашна стипендија се државни органи, установи и општествени организации или ако државните органи, установите и општествените организации се органи преку кои се дава странската стипендија.

Државните органи, установите и организациите ќе му ги надоместат на Заводот трошоците од претходниот став најдоцна во срок од 30 дена од денот кога им е доставена пресметката на таквите трошоци од страна на Заводот.

Член 7

За сите лица веќе упатени заради школување или усовршување во странство кои на денот на влегувањето во сила на овој правилник престојуваат во странство како стипендисти, државните органи, установите и организациите се должни да му достават на Заводот примерок од решението во смисла на членот 3 став 1 од овој правилник.

На лицата од ставот 1 на овој член што користиле во странство здравствена заштита и самите ги платиле трошоците Заводот ќе им ги надомести трошоците на оваа здравствена заштита. Овие трошоци се надоместуваат во девизни средства на начинот определен со одредбите од точ. 18—20 на Упатството за користењето и плаќањето на здравствените услуги во странство. Државните органи, установите и организациите се должни да му ги надоместат овие трошоци на Заводот ако се во прашање лица од членот 2 точка 3 на овој правилник.

Ако лицата од ставот 1 на овој член користеле здравствена заштита, а трошоците на нивното лекување ги исплатил Заводот, државните органи, установите и организациите се должни истите да му ги надоместат на Заводот, ако се во прашање лица од членот 2 точка 3 на овој правилник.

Пресметувањето меѓу државните органи, установите и организациите со Заводот за трошоците што ги исплатил Заводот според ст. 2 и 3 на овој член ќе се изврши на начинот предвиден во членот 6 од овој правилник.

Член 8

На лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој правилник по завршеното школување односно усовршување во странство се вратиле во земјата, на нивно барање ќе им се надоместат трошоците на нивната здравствена заштита во странство што ги платиле самите, и тоа во динари по званичниот курс со премија од 100% врз званичниот курс ако трошоците за здравствените услуги настанале по 1 август 1956 година. Кон барањето за надоместок на трошоците овие лица се должни да поднесат и примерок од решението со кое се определени за усовршување односно школување во странство како стипендисти.

Трошоците од претходниот став ќе им ги надомести на лицата од членот 2 точ. 1 и 2 на овој правилник Заводот, а на лицата од точката 3 на истиот член — давателот на домашна стипендија односно државниот орган, установата или организацијата преку која е дадена странската стипендија.

Ако за лицата од ставот 1 на овој член трошоците за користење на здравствената заштита во странство не се исплатени, овие трошоци ќе ги исплати Заводот. Државните органи, установите и организациите ќе му ги надоместат трошоците на Заводот, ако се во прашање лица од членот 2 точка 3 на овој правилник, на начинот предвиден со членот 6 од овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 441/1
7 март 1958 година
Белград

Секретар на Сојузниот
извршен совет за народно
здравје,
др **Херберт Краус,** с. р.

**328.**

Врз основа на членот 252 од Законот за здружувањето во стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/58), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општи стопански работи пропишува

# УПАТСТВО

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕТО ВО СТОПАНСТВОТО

1. Како стопански организации на гранките што не им припаѓаат на областите на стопанството за кои се основани коморите и кои во смисла на Законот за здружувањето во стопанството (во натамошниот текст: законот) не се зачланувaат задолжително во коморите се сметаат комуналните стопански организации (стопанските организации што се занимаваат со функционирање и одржување на водовод, канализација, улици и патишта, јавно осветление, јавните бањи, стопанските организации за одржување на чистотија, кафилериите, стопанските организации за градско зеленило, градските плинари, претпријатијата за продажба на електрична енергија, претпријатијата за производство на електрична енергија што не се вклучени во заедница на електростопански претпријатија, комуналните услужни кланици, комуналните мразарници, стопанските организации за чување имотот на претпријатија и сервисите за услуги на домаќинствата), освен претпријатијата на градскиот сообраќај, работилниците за одржување на станбени згради, пекарите, оџачарските дуќани и конзумните млекари кои задолжително се зачленуваат во комората на која й припаѓаат според стопанската дејност што ја вршат.

Стопанските организации од претходниот став можат да се зачленат во одделни комори ако е тоа дозволено со статутот на односната комора.

2. Како стопански организации кои во смисла на членот 30 став 1 од законот задолжително се зачленуваат во коморите се сметаат и организациите основани и регистрирани како установи со самостојно финансирање кои исклучиво се занимаваат со постојано вршење определени стопански дејности што според општите прописи претставуваат предмет на работењето на стопанските организации (на пример: шумските стопанства, установите за приредување на саеми и изложби и сл.).

3. Како установи за вршење селскостопански служби кои во смисла на членот 32 став 1 од законот задолжително се зачленуваат во републичка селскостопанско-шумарска комора, се сметат:

1) општите и специјализираните селскостопански станици (овоштарски станици, лозјарски станици, станици за заштита на растенијата и сл.) без оглед дали имаат објекти или не, освен припусните, триерските и селекторските станици;

2) расадниците;

3) заводите за селекција на добиток и селекциските сточарски станици;

4) ветеринарните станици, сточарско-ветеринарните станици, дијагностичките ветеринарни станици и ветеринарните амбуланти;

5) центрите за вештачко осеменување и станиците за вештачко осеменување што не се во состав на ветеринарни станици;

6) бироите за изработка на организационо-стопански планови (на селскостопанските основи), на економски анализи за потребите на селското стопанство и за проектирање во селското стопанство и бироите за проектирање во шумарството.

Установите за вршење селскостопански служби од претходниот став што се во состав на земјоделски задруги и на сојузи на земјоделски задруги (на деловни сојузи, на основни и главни сојузи) не се зачленуваат задолжително во селскостопанско-шумарските комори.

4. Одредбата од членот 34 на законот треба да се разбере така што стопанските организации од ставот 1 на истиот член, покрај задолжително зачленување во коморите за потесно подрачје, можат на доброволна основа да се зачленат и во комората за пошироко подрачје од иста област на стопанството.

Ако е врз основа на одредбата од ставот 2 на истиот член за стопанските организации од определени стопански дејности определено непосредно задолжително зачленување во комората за пошироко подрачје, таквите стопански организации можат на доброволна основа да се зачленат и во комората за потесно подрачје од иста област на стопанството.

5. Претставникот на погонска или деловна единица во состав на стопанска организација од друга област на стопанството или на друга организација или установа, која задолжително непосредно се зачленува во комората на одделна област на стопанството (член 35 од законот) го избира работничкиот совет на единицата, а ако таа нема посебни органи на работничкото управување работничкиот совет на стопанската организација односно највисокиот орган на општествената или друга организација (собранието а во периодот меѓу заседанијата на собранието управниот одбор), односно го избира или го именува највисокиот орган на установата во чиј состав се наоѓа единицата.

За обврските на погонската односно деловната единица од претходниот став што произлегуваат од нејзиното членство во комората (плаќање на членскиот придонес итн.) е одговорна организацијата односно установата во чиј состав се наоѓа единицата.

6. Како стопански организации од други области на стопанство што непосредно вршат трговска дејност, во смисла на членот 36 став 2 се подразбираат стопанските организации што во свој состав имаат трговски деловни единици (продавници, откупни станици и складови).

7. Како општествени и други организации и установи што се занимаваат со прашања на стопанството, а не се зачленети во комора, а кои во смисла на одредбата на членот 38 од законот, можат да бидат определени да учествуваат преку свој претставник во управувањето со одделна комора, особено се сметаат: професионалните стручни здруженија и друштва (на пример: здружението на агрономите, здружението на инженерите итн.), институтите и други научни установи што се занимаваат со прашања на стопанството, банките и нивните филијали, штедилниците и сојузите на штедилниците, синдикалните совети и одбори, основните и главните сојузи на земјоделските задруги, комороте и стручните здруженија од други области односно гранки на стопанството, заедниците на стопаски организации, освен електростопанските заедници, туристичките друштва и сојузи, сојузите на водните заедници, Постојаната конференција на градовите и сл.

8. Како членови на управниот одбор на комората што ги избираат стопанските организации зачленети во комората во смисле на членот 41 од законот се сметаат и членовите кои по својата положба се членови на управниот одбор на комората (член 62 од законот).

9. Како право на претставник на општествената заедница, во смисла на членот 43 од законот, се подразбира и правото на дневници и трошоци за патување во врска со доаѓањето на собранијата односно седниците на управниот одбор ако живеалиштето на претставникот се наоѓа надвор од седиштето на комората.

10. Одредбата од членот 45 став 3 на законот, според која претставниците на општествените и други организации и установи што учествуваат во управувањето со комората а не се зачленети во комората — ги избираат односно ги именуваат нивните највисоки органи, треба да се разбере така дека претставникот на општествена и друга организација го избира собранието а во периодот меѓу заседанијата на собранието управниот одбор на таа организација.

11. Одредбата од членот 68 став 1 од законот, според која стручната секција ја сочинуваат стопански организации зачленети во комората кои според својата основна стопанска дејност ѝ припаѓаат на гранката (струката) за која е формирана секцијата, треба да се разбере така дека стручната секција на комората за пошироко подрачје, покрај стопанските организации непосредно зачленети во комората за пошироко подрачје, ја сочинуваат и стопански организации од гранката (струката) непосредно зачленети во коморите за потесни подрачја од иста област на стопанството.

12. Ако извршниот совет на народната република, во која не постојат околии, врз основа на овластувањето од членот 28 на законот, наместо предвидените околиски комори основе заедничка комора за сите општини на територијата на народната република, таквата комора се смета за републичка комора, а стопанските организации од областа на стопанството за које е основана таквата комора задолжително се зачленуваат во таа комора.

13. Ако републичкиот извршен совет, врз основа на овластувањето од членот 27 став 2 на законот, основе заедничка угостителска комора за сите околии на подрачјето на автономната единица, таквата комора се смета како угостителска комора на автономната единица, а стопанските организации од областа на угостителството задолжително се зачленуваат во таа комора.

14. Ова упатство влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Б. 787/1
17 април 1958 година
Белград

Секретар
на Сојузниот извршен совет
за општостопански работи,
**Киро Глигоров**, с. р.

**329.**

Врз основа на членот 301 од Законот за општата управна постапка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/56) и членот 19 од Уредбата за пропишувањето, печатењето и издавањето на обрасци („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/57), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА ОБРАСЦИТЕ ВО УПРАВНАТА ПОСТАПКА

1. Во Упатството за обрасците во управната постапка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/57) во точката 1 обрасците ОУ-11 и ОУ-12 се менуваат и гласат:

**„Обвивка (плик) за доставување по пошта — ОУ-11"**

| | |
|---|---|
| ——————<br>(Назив и седалиште на испраќачот) | (Адресна страна на пликот)<br>АДРЕСА |
| Број ——— | ——————— |
| УПРАВНА ПОСТАПКА | ——————— |
| ОУ-11 | ——— |

(Внатрешна страна на преклопот од обвивката, т. е. „повратница")

ПОВРАТНИЦА

| | |
|---|---|
| Број ——— | |
| Предмет на пратката ——— | Адреса |
| ——————— | ——————— |
| Предадено на поштата | ——————— |
| ——————— | |
| На адресата ——— | ——— |
| ——————— | |
| Во ——————— | |

Грбот на повратницата

Забелешка од испраќачот ——————

Потврдувам дека денеска ——— 19— год.

ја примив пратката означена на предната страна.

Потписи:

——————— ———————
(примател) (доставувач-поштоносец)

———————————
(однос спрема лицето наместо кое е примена пратката)

ЗАБЕЛЕШКА НА ДОСТАВУВАЧОТ-ПОШТОНОСЕЦОТ:

— — — — — — — — — — — — — — —

(л е п и л о)

Образецот ОУ-11 е во големина 162×114. Се изработува на хартија во бела боја. Се состои од обвивка со преклоп кој е од иста големина како и обвивката (162×114).

Горниот дел од преклопот во широчина од 10 мм до перфорацијата служи за затворање на обвивката со лепење за горниот дел од грбот на обвивката кој е снабден со лепило.

**Објаснение за пополнување на образецот**

1) Испраќачот ги пополнува рубриките на адресната страна од обвивката и рубриките на надворешната страна од повратницата.

2) Грбот на повратницата служи за потврда на приемот на писмото и за ставање забелешки од доставувачот-поштоносецот.

**Обвивка за доставување по пошта — задолжително лично доставување — Образец ОУ-12**

Образецот ОУ-12 во сé е ист како и образецот ОУ-11, со тоа што во долниот лев агол на адресната страна од обвивката под текстот: „управна постапка" се става текстот: „задолжително лично доставување" и што се печати на хартија во отворено сина боја."

2. По точката 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а. Обрасците што се печатени и издадени пред влегувањето во сила на ова упатство можат да се продаваат и да се користат најдоцна до 1 јуни 1958 година. При користењето на образецот ОУ-11, во левиот долни агол од адресната страна на обвивката треба да се стави со големи букви, со рака, со машина за пишување или со специјален штембил ознаката: „УПРАВНА ПОСТАПКА", а при користењето на образецот ОУ-12 истата ознака: „УПРАВНА ПОСТАПКА" треба да се стави на адресната страна во долниот лев агол над текстот: „ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЛИЧНО ДОСТАВУВАЊЕ".

3. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 08—1688/3
10 април 1958 година
Белград

Секретар на Сојузниот извршен совет за општа управа,
**Вуксан Љумовиќ**, с. р.

**330.**

Врз основа на членот 45 точка 2 од Законот за придонесот за буџетите од личниот доход на работниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/57), Секретаријатот за трудот на Сојузниот извршен совет, во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДОГОВОРЕНИТЕ ПЛАТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗАПОСЛЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

1. Според ова упатство се пресметнуваат на нови (бруто) износи досегашните (нето) договорени плати на работниците запослени кај приватни работодавци, утврдени со индивидуални или колективни договори, и договорените плати определени на одделни работници врз основа на колективни договори, освен договорените плати на адвокатските приправници и куќните помошнички.

Договорените плати на адвокатските приправници и на куќните помошнички ќе се пресметнат според посебен пропис.

2. Договорените плати од точката 1 став 1 на ова упатство се пресметнуваат на нови (бруто) износи така што нивните досегашни (нето) износи се зголемуваат за соодветниот износ на придонесот за буџетите од личниот доход и на придонесот за станбена изградба и за 50% од износот на придонесот за социјално осигурување, а според следните таблици А и Б:

| 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
|---|---|---|---|---|---|
| 45.700 | 72.900 | 49.200 | 80.500 | 52.700 | 87.100 |
| 800 | 74.100 | 300 | 700 | 800 | 300 |
| 900 | 200 | 400 | 900 | 900 | 500 |
| 46.000 | 400 | 500 | 81.100 | 53.000 | 700 |
| 100 | 600 | 600 | 300 | 100 | 900 |
| 200 | 800 | 700 | 400 | 200 | 88.100 |
| 300 | 75.000 | 800 | 600 | 300 | 300 |
| 400 | 200 | 900 | 800 | 400 | 500 |
| 500 | 400 | 50.000 | 82.000 | 500 | 700 |
| 600 | 600 | 100 | 200 | 600 | 800 |
| 700 | 800 | 200 | 400 | 700 | 89.000 |
| 800 | 900 | 300 | 600 | 800 | 200 |
| 900 | 76.100 | 400 | 800 | 900 | 400 |
| 47.000 | 300 | 500 | 83.000 | 54.000 | 600 |
| 100 | 500 | 600 | 200 | 100 | 800 |
| 200 | 700 | 700 | 300 | 200 | 90.000 |
| 300 | 900 | 800 | 500 | 300 | 200 |
| 400 | 77.100 | 900 | 700 | 400 | 400 |
| 500 | 300 | 51.000 | 900 | 500 | 600 |
| 600 | 500 | 100 | 84.100 | 600 | 800 |
| 700 | 700 | 200 | 300 | 700 | 91.000 |
| 800 | 800 | 300 | 500 | 800 | 200 |
| 900 | 78.000 | 400 | 700 | 900 | 400 |
| 48.000 | 200 | 500 | 900 | 55.000 | 700 |
| 100 | 400 | 600 | 85.100 | 100 | 900 |
| 200 | 600 | 700 | 200 | 200 | 92.100 |
| 300 | 800 | 800 | 400 | 300 | 300 |
| 400 | 79.000 | 900 | 600 | 400 | 600 |
| 500 | 200 | 52.000 | 800 | 500 | 800 |
| 600 | 400 | 100 | 86.000 | 600 | 93.000 |
| 700 | 600 | 200 | 200 | 700 | 200 |
| 800 | 700 | 300 | 400 | 800 | 500 |
| 900 | 900 | 400 | 600 | 900 | 700 |
| 49.000 | 80.100 | 500 | 800 | 56.000 | 900 |
| 100 | 300 | 600 | 900 | | |

Досегашната нето договорена плата над 56.000 динари се пресметнува на бруто износ така, што ќе се помножи со коефициентот 2,241545 а добиениот производ ќе се намали за 31 666,66 и ќе се заокружи нагоре на сто динари.

**Таблица Б**

## ДОГОВОРЕНИ ПЛАТИ ВО ИЗНОСИ ПО ЧАС

| Досегашна нето договорена плата | Бруто договорена плата | Досегашна нето договорена плата | Бруто договорена плата | Досегашна нето договорена плата | Бруто договорена плата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| 25 | 36 | 43 | 62 | 61 | 88 |
| 26 | 38 | 44 | 64 | 62 | 90 |
| 27 | 39 | 45 | 65 | 63 | 91 |
| 28 | 41 | 46 | 67 | 64 | 93 |
| 29 | 42 | 47 | 68 | 65 | 94 |
| 30 | 44 | 48 | 69 | 66 | 96 |
| 31 | 45 | 49 | 71 | 67 | 97 |
| 32 | 46 | 50 | 72 | 68 | 99 |
| 33 | 48 | 51 | 74 | 69 | 100 |
| 34 | 49 | 52 | 75 | 70 | 102 |
| 35 | 51 | 53 | 77 | 71 | 104 |
| 36 | 52 | 54 | 78 | 72 | 105 |
| 37 | 54 | 55 | 80 | 73 | 107 |
| 38 | 55 | 56 | 81 | 74 | 108 |
| 39 | 57 | 57 | 82 | 75 | 110 |
| 40 | 58 | 58 | 84 | 76 | 111 |
| 41 | 59 | 59 | 85 | 77 | 113 |
| 42 | 61 | 60 | 87 | 78 | 114 |

| 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
|---|---|---|---|---|---|
| 79 | 116 | 142 | 215 | 205 | 327 |
| 80 | 117 | 143 | 217 | 206 | 329 |
| 81 | 119 | 144 | 218 | 207 | 331 |
| 82 | 120 | 145 | 220 | 208 | 333 |
| 83 | 122 | 146 | 222 | 209 | 335 |
| 84 | 123 | 147 | 223 | 210 | 337 |
| 85 | 125 | 148 | 225 | 211 | 339 |
| 86 | 127 | 149 | 226 | 212 | 341 |
| 87 | 128 | 150 | 228 | 213 | 343 |
| 88 | 130 | 151 | 230 | 214 | 345 |
| 89 | 131 | 152 | 231 | 215 | 346 |
| 90 | 133 | 153 | 233 | 216 | 348 |
| 91 | 134 | 154 | 235 | 217 | 350 |
| 92 | 136 | 155 | 236 | 218 | 352 |
| 93 | 137 | 156 | 238 | 219 | 354 |
| 94 | 139 | 157 | 240 | 220 | 356 |
| 95 | 140 | 158 | 241 | 221 | 358 |
| 96 | 142 | 159 | 243 | 222 | 360 |
| 97 | 143 | 160 | 244 | 223 | 362 |
| 98 | 145 | 161 | 246 | 224 | 364 |
| 99 | 146 | 162 | 248 | 225 | 365 |
| 100 | 148 | 163 | 249 | 226 | 367 |
| 101 | 149 | 164 | 251 | 227 | 369 |
| 102 | 151 | 165 | 253 | 228 | 371 |
| 103 | 153 | 166 | 254 | 229 | 373 |
| 104 | 154 | 167 | 256 | 230 | 375 |
| 105 | 156 | 168 | 258 | 231 | 377 |
| 106 | 157 | 169 | 259 | 232 | 379 |
| 107 | 159 | 170 | 261 | 233 | 381 |
| 108 | 160 | 171 | 263 | 234 | 382 |
| 109 | 162 | 172 | 265 | 235 | 384 |
| 110 | 163 | 173 | 267 | 236 | 386 |
| 111 | 165 | 174 | 269 | 237 | 388 |
| 112 | 166 | 175 | 271 | 238 | 390 |
| 113 | 168 | 176 | 272 | 239 | 392 |
| 114 | 169 | 177 | 274 | 240 | 394 |
| 115 | 171 | 178 | 276 | 241 | 396 |
| 116 | 172 | 179 | 278 | 242 | 398 |
| 117 | 174 | 180 | 280 | 243 | 400 |
| 118 | 176 | 181 | 282 | 244 | 401 |
| 119 | 177 | 182 | 284 | 245 | 403 |
| 120 | 179 | 183 | 286 | 246 | 405 |
| 121 | 181 | 184 | 288 | 247 | 407 |
| 122 | 182 | 185 | 290 | 248 | 409 |
| 123 | 184 | 186 | 291 | 249 | 411 |
| 124 | 186 | 187 | 293 | 250 | 413 |
| 125 | 187 | 188 | 295 | 251 | 415 |
| 126 | 189 | 189 | 297 | 252 | 417 |
| 127 | 190 | 190 | 299 | 253 | 418 |
| 128 | 192 | 191 | 301 | 254 | 420 |
| 129 | 194 | 192 | 303 | 255 | 422 |
| 130 | 195 | 193 | 305 | 256 | 424 |
| 131 | 197 | 194 | 307 | 257 | 426 |
| 132 | 199 | 195 | 309 | 258 | 428 |
| 133 | 200 | 196 | 310 | 259 | 430 |
| 134 | 202 | 197 | 312 | 260 | 432 |
| 135 | 204 | 198 | 314 | 261 | 434 |
| 136 | 205 | 199 | 316 | 262 | 436 |
| 137 | 207 | 200 | 318 | 263 | 438 |
| 138 | 208 | 201 | 320 | 264 | 440 |
| 139 | 210 | 202 | 322 | 265 | 442 |
| 140 | 212 | 203 | 324 | | |
| 141 | 213 | 204 | 326 | | |

Досегашната нето договорена плата по час над 265 динари се пресметнува на бруто износ така, што ќе се помножи со коефициентот 2.241545 а добиениот производ ќе се намали за 152,24 и ќе се заокружи нагоре на динар.

3. Во колоната 1 од таблицата се наоѓаат досегашните (нето) износи на договорените плати, а во колоната 2 новите (бруто) износи на договорените плати што на нив им одговараат.

4. Досегашните (нето) договорени плати во месечен износ што се завршуваат под сто, при пресметнувањето на нови (бруто) износи претходно се заокружуваат на сто динари нагоре, а потоа во колоната 1 од таблицата А се наоѓаат износите што им одговараат на така заокружените (нето) износи.

5. Новите (бруто) износи на договорените плати утврдени според точ. 3 и 4 на ова упатство приватните работодавци ги внесуваат во колективниот договор односно во поединечно склучениот договор покрај досегашните (нето) износи.

6. Колективните и поединечните договори во кои се внесени новите (бруто) износи на договорените плати приватните работодавци задолжително му ги поднесуваат на органот на управата надлежен за работите на трудот и на работните односи на општинскиот народен одбор заради потврда дека е пресметувањето на досегашните (нето) договорени плати на нови (бруто) износи правилно извршено.

Покрај договорите од претходниот став приватните работодавци поднесуваат и список на запослените работници со податоците за досегашните (нето) износи на договорените плати и за новите (бруто) износи.

Приватните работодавци што на работниците не им ја определиле платата врз основа на колективен договор односно што платата не ја договориле во писмена форма на органот на управата надлежен за работите на трудот и на работите односи на општинскиот народен одбор му го поднесуваат на потврда само списокот на запослените работници со податоците за досегашните (нето) износи на договорените плати и за новите (бруто) износи.

На југословенските државјани на работа кај југословенски дипломатски и конзуларни претставништва во странство, како и кај други мисии на кои им се признава јавноправен карактер, пресметнатите договорени плати на нови (бруто) износи ги заверува надлежното дипломатско односно конзуларно претставништво во таа земја (член 29 од Законот за придонесот за буџетите од личниот доход на работниците).

7. Одредбите од претходната точка не се однесуваат на дипломатските и конзуларните претставништва на странски држави и на странските или меѓународните организации на кои во Југославија им се признава јавноправен карактер, ниту на нивните претставници што во Југославија уживаат дипломатски имунитет.

8. Новите (бруто) износи на договорените плати ќе се применуваат од 1 јануари 1958 година.

9. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

Бр. 863/1
12 април 1958 година
Белград

Секретар за трудот
на Сојузниот извршен совет,
**Мома Марковиќ**, с. р.

## 331.

Врз основа на членот 24 став 5 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/56) и точката 8 од Наредбата за давање заеми без конкурс за набавка на определена опрема („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 35/57, 41/57 и 14/58), Југословенската инвестициона банка, во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите, пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ ЗАЕМИ БЕЗ КОНКУРС ЗА НАБАВКА НА ОПРЕДЕЛЕНА ДОМАШНА ОПРЕМА

1. Во Упатството за поблиските услови за одобрување заеми без конкурс за набавка на определена домашна опрема („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 41/57) во точката II одредбата под 3) се менува и гласи:

„3) потврда за состојбата на средствата на амортизацијата и на паричните средства на фондот на основните средства, издадена од страна на банката кај која се водат овие средства.

Потврдата за состојбата на овие средства треба да ги содржи следните податоци:

а) износ на паричните средства од фондот на основните средства кој може според важечките прописи да се користи во текуштата година;

б) износ на средствата на амортизацијата предвиден за уплатата во текуштата година врз база на годишната претсметка на амортизацијата, како и кој дел од предвидените средства на амортизацијата може да се користи според важечките прописи.“

2. Точката IV се менува и гласи:

„Максималниот износ на заемот се утврдува на тој начин што збирот на два полгодишни ануитети по ист заем не може да премине 70% од средствата на амортизацијата што во текуштата година можат да се користат според важечките прописи и 30% од паричните средства на фондот на основните средства што според важечките прописи можат да се користат во текуштата година.“

3. Во точката V ставот 2 се менува и гласи:

„По заемите чиј збир на два полгодишни ануитети не преминува 25% од средствата на амортизацијата што можат слободно да се користат во текуштата година, не е потребна гаранција од општината.“

4. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

О. бр. 396
18 април 1958 година
Белград

**Југословенска инвестициона банка**

| | |
|---|---|
| Го застапува<br>Генералниот директор<br>Помошник,<br>**Божидар Ињац**, с. р. | Претседател<br>на Управниот одбор,<br>**Никола Минчев**, с. р. |

## 332.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КОНСТРУКЦИОНИ ЧЕЛИЦИ, ЧЕЛИЧНИ ПОЛУФАБРИКАТИ И ЛЕАНО ЖЕЛЕЗО

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Јагленични конструкциони челици обични со гарантирани механички особини. Технички прописи за изработка и испорака — — — — — JUS C. B3.003

Јагленични конструкциони челици обични со гарантиран хемиски состав. Технички прописи за изработка и испорака — — — — — — — JUS C. B2.020

Челични полуфабрикати валјани — JUS C. B2.021

Сив и тврд лив — — — — — — JUS C. B2.020

2. Наведените југословенски стандарди се објавени во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 август 1958 година.

Бр. 1785
16 април 1958 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за
стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

333.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Апарати за покажување нивото на течност. Електричен мерач на гориво — давач за патнички и товарни моторни возила — — — — — JUS L. C5.211

Апарати за покажување нивото на течност. Електричен мерач на гориво — покажувач на патнички и товарни моторни возила — — — — — — JUS L. C5.212

Апарати за мерење брзината и бројот на вртењата. Брзиномер за вградување во моторни возила — — — JUS L. E2.221

Брзиномер за моторцикли — — — JUS L. E.2.222

2. Наведените југословенски стандарди се објавени во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 јуни 1958 година.

Бр. 1787
16 април 1958 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

334.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ИЗОЛАЦИОНЕН МАТЕРИЈАЛ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Отпорност на цврстиот изолационен материјал спрема создавањето на површински проводни патеки. Утврдување на показателите на споредувањето — — — — — — — — JUS N. A5.010

Класификација на изолационите материјали за електрични машини, трансформатори и апарати во поглед на термичката постојаност во погон JUS N. A8.005

2. Наведените југословенски стандарди се објавени во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 јули 1958 година.

Бр. 1786
16 април 1958 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
**инж. Славољуб Виторовиќ**, с. р.

335.

Врз основа на членот 2 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузната комисија за стандардизација („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 21/53) и членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СИТЕН КОЛОСЕЧЕН ПРИБОР

1. Се ставаат вон сила југословенските стандарди донесени со Решението за донесување југословенски стандарди за вијци, навртки и подлошки за железнички шини („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 10/53), и тоа:

издание 1953

Вијци со шестострана глава за железнички двојни прагови — Изработка 1 — Метрички навој — M18 до M24 — — — — — — — — — JUS M.B1.075

Вијци со четвртаеста глава за врски на шини — Изработка 1 — Метрички навој — M12 до M24 — JUS M.B1.095

Вијци за прицврсни плочички за шини — Изработка 1 — Метрички навој — M22 — — — — — — — JUS M.B1.096

Вијци со четвртаеста глава и овална заглавка за врски на шини — Изработка 1 — Метрички навој — M16 до M22 — — — — — — — JUS M.B1.097

Вијци со глава во форма „T“ за прицврсни плочички за шини — Изработка 1 — Метрички навој — M22 — — — — — — — — — JUS M.B1.195

Шестострани навртки за шински вијци — Изработка 1 — Метрички навој — M18 до M24 — — — — JUS M.B1.606

Шестострани навртки со венец за шински вијци — Изработка 1 — Метрички навој — M18 до M24 — — JUS M.B1.619

Прстенаести еластични подлошки за железнички шини — — — — JUS M.B2.120

Подложни плочички за навртки и вијци за железнички двојни прагови — — — — — — — — JUS M.B2.125

Двојни прстенаести еластични подлошки за железнички шини — JUS M.B2.130

2. Се ставаат вон сила југословенските стандарди донесени со Решението за југословенските стандарди за ситен колосечен прибор („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 37/54), и тоа:

издание 1954

Тирфони со рамна належна површина за шини над 20 кг/м — — JUS P.B1.120

Тирфони со топкаеста належна површина за шини над 20 кг/м — JUS P.B1.121

Шински клинци за шини во тежина преку 20 кг/м — — — — JUS P.B1.130

Шински клинци со осмоаголен пресек — — — — — — — — — JUS P.B1.131

3. Југословенските стандарди наведени во точ. 1 и 2 од ова решение престануваат да важат на 31 мај 1958 година.

4. Југословенските стандарди од точ. 1 и 2 на ова решение се заменуваат со нови југословенски стандарди со следните називи и ознаки:

издание 1958

Вијци со шестострана глава за железнички двојни прагови — — JUS M.B1.075

Вијци со четвртаеста глава за врски на шини — — — — — JUS M.B1.095

Вијци за прицврсни плочки за шини — — — — — — — — — JUS M.B1.096

| | |
|---|---|
| Вијци со четвртаеста глава и овална заглавка за врски на шини | JUS M.B1.097 |
| Вијци со глава во форма „Т" за прицврсни плочки за шини — — | JUS M.B1.195 |
| Шестострани навртки за шински вијци — — — — — — — — — | JUS M.B1.606 |
| Шестострани навртки со венец за шински вијци — — — — — — | JUS M.B1.619 |
| Прстенаести еластични подлошки за железнички шини — — — — | JUS M.B2.120 |
| Подложни плочки за навртки и за вијци за железнички двојни прагови — — — — — — — — — | JUS M.B2.125 |
| Двојни прстенаести еластични подлошки за железнички шини — | JUS M.B2.130 |
| Тирфони со рамна належна површина за шини над 20 кп/м — — | JUS P.B1.120 |
| Тирфони со топкаеста належна површина за шини над 20 кп/м — | JUS P.B1.121 |
| Шински клинци за шини во тежина над 20 кп/м — — — — — | JUS P.B1.130 |
| Шински клинци со осмоаголен пресек — — — — — — — — — | JUS P.B1.131 |

5. Југословенските стандарди од точката 4 на ова решение се објавени во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

6. Југословенските стандарди од точката 4 на ова решение влегуваат во сила на 1 јуни 1958 година.

Бр. 1758
12 април 1958 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

---

**336.**

Врз основа на членот 21 став 3 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/55), Управниот одбор на Сојузот на трговските комори на Југославија пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ, УРЕДИТЕ И ОПРЕМАТА НА ТРГОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ПРОМЕТ НА СУРОВА КОЖА И ВОЛНА, КРЗНА, ЖИВОТИНСКИ ОТПАДОЦИ И ВЛАКНА

Член 1

Деловните простории на трговските претпријатија кои се занимаваат со промет на сурова кожа, волна, крзна, животински отпадоци и влакна, наменети за прием, сортирање, конзервирање, складирање, пакување и издавање на тие суровини, мораат да бидат изградени и опремени така што да осигуруваат потребни минимални технички услови за стручно преземање, конзервирање, сортирање и пакување на тие суровини, и да оневозможуваат тие суровини да бидат извор на заразни болести што се пренесуваат на луѓето и животните.

Член 2

Складовите (магацините) на претпријатијата од членот 1 во кои се врши прием, сортирање, конзервирање, складирање пакување и отпрема на животински суровини од членот 1 на преработка, во странство или на купувач во земјата, мораат да имаат најмалку:

1) **простории**, и тоа:

а) простории за свежа и солена кожа;

б) простории за сува стока (кожа, волна, влакна итн.);

в) простории за сместување на средства за конзервирање и дезинфекција и на амбалажа;

г) простории за сместување на средства за одржување на чистотија и на помошен алат и прибор;

д) простории за кланични отпадоци;

ѓ) спремница за животински суровини од членот 1 и за друг материјал за кој се сомнева дека е заразен;

е) сушара за кожа, волна и влакна;

ж) простории за хигиенските потреби на работниците, според важечките прописи;

з) простории за администрацијата;

ѕ) простории за сместување на возила.

Оние складови што не работат со солена или сува стока или не складираат отпадоци, не мораат да имаат простории уредени за манипулирање со таква стока. Складовите во кои доаѓа само сува стока, не мораат да имаат сушара;

2) **уреди**, и тоа:

а) за каналисање на отпадните води од сите простории во кои се складираат суровини и во кои задолжително се врши миење и дезинфекција;

б) за снабдување со вода;

в) за вентилирање на просториите во кои се складираат животинските суровини од членот 1;

г) за осветлување на сите простории и на споредните простории на складовите;

3) **опрема**, и тоа:

а) една прецизна вага за мерење до 10 кг и една децимална вага до 500 кг;

б) маса за сортирање на солена кожа;

в) маса за сортирање на сува кожа;

г) маса за сортирање на волна и влакна, според важечките прописи;

д) четири ножа за обрежување на кожа;

ѓ) буре за истресување на кожа;

е) количка за превоз на стоки во складот;

ж) гарнитура рамки за балирање на сува кожа;

з) преса за пресување на волна и влакна, со припадниот алат и вентилација за одвод на прав;

ѕ) апарати за гаснење на лесно запаливи материјали, и тоа најмалку по еден на секој кат или по еден во секој одделен дел од складот;

и) прибор за одржување на чистотија;

ј) прибор за миење и дезинфекција на персоналот, уредите, складот, облеките и обувките;

к) гумени ракавици, чизми, престилки што штитат од студ и влага и работни облекла за сиот персонал кој работи непосредно со животински суровини од членот 1;

л) орманче за прва помош;

4) **средства**, и тоа:

а) за конзервирање на кожа, волна, влакна и отпадоци;

б) за балирање;

в) за дезинфекција;

г) за одржување на чистотија.

Секоја одделна работна единица од овој член мора да има запас на средства најмалку за едномесечни потреби, пресметани врз база на капацитетот за складирање и бројот на запослениот персонал;

5) **возила**, и тоа:

најмалку едно возило, специјално опремено за превоз на животински суровини и отпадоци од членот 1, така што да не се цеди сукрвица и слични течности.

Член 3

Складовите на претпријатијата од членот 1 во кои се врши прием, конзервирање и складирање на животински суровини и отпадоци од членот 1 за првите 15 дена, по кој срок тие суровини се отпремаат во складовите на исто претпријатие од членот 2, мораат да имаат најмалку:

1) **простории**, и тоа:

а) простории за сместување на свежа и солена кожа, сол и влажни кланични отпадоци, со остава за суровините од членот 1 за кои се сомнева дека се заразени;

б) простории за сува стока, амбалажа, средства за дезинфекција и конзервирање и за помошен материјал;

в) натстрешница за сушење на кожа, волна и влакна;

г) канцелариска просторија;

д) просторија за хигиенските потреби на работниците;

2) **уреди,** и тоа:

а) за каналисање;

б) за снабдување со вода;

в) за осветлување;

г) за вентилирање;

3) **опрема,** и тоа:

а) една прецизна вага за мерење до 10 кг и една децимална вага до 300 кг;

б) два ножа за обрежување на кожа;

в) буре за истресување на кожа;

г) гарнитура за пресување на сува кожа;

д) апарат за гаснење на лесно запаливи материјали, најмалку две парчиња;

ѓ) прибор за одржување на чистотија;

е) прибор за миење и дезинфекција на персоналот, уредите, просториите, облеките и обувките;

ж) гумени ракавици, чизми, престилки и работни облекла за сиот персонал кој работи непосредно со животински суровини од членот 1;

з) орманче за прва помош;

ѕ) најмалку една рачна количка опремена за превоз на животински суровини од членот 1 во местото каде се наоѓа складот;

4) **средства,** и тоа:

а) за конзервирање на суровини и отпадоци од членот 1;

б) за балирање;

в) за дезинфекција;

г) за одржување на чистотија.

Секоја одделна работна единица од овој член мора да има запас на средства најмалку за петнаесетдневни потреби, пресметани врз база на капацитетот за складирање и бројот на запослениот персонал.

Член 4

Просторијата за свежа и солена кожа од членот 2 мора да биде во зграда со ѕидови и таваница, изградени од цврст материјал, кои спречуваат прекумерно ладење и загрејување на таа просторија.

Подот во оваа просторија мора да биде од непропустлив материјал така што да може добро да се мие и да се дезинфицира. Рабовите на подот и аглите мораат да бидат заоблени.

Површината на подот од оваа просторија мора да изнесува најмалку 20 $м^2$ ако во таа просторија не се врши приемот и издавањето на кожа. Ако тие работи се вршат, во таа просторија површината на подот мора да изнесува најмалку 30 $м^2$.

Ако приемот на кожа се врши во одделна просторија или во покриено предворје, подот на таа просторија или на предворјето мора да изнесува најмалку 10 $м^2$ и да биде изграден како подот во просториите за складирање на свежа и солена кожа.

Подот на просторијата за свежа и солена кожа мора да има отвор за канал во кој се слева сета течност што се цеди од кожата. Поради тоа подот мора да има соодветен нагиб спрема отворот на каналот. Отворот на каналот мора да има решетка и сифон.

Ѕидовите на просторијата од внатрешната страна во височина од 2 м од подот мораат да бидат прекриени или премачкани со материјал што не пропушта вода и кој може добро да се мие и да се дезинфицира.

Растојанието меѓу таваницата и подот во оваа просторија мора да изнесува најмалку 3 м. Таваницата на просторијата мора да биде изградена така што да спречува излегување на водена пара од просторијата и просторијата да ја штити од прекумерно ладење или загрејување.

Прозорците на просторијата мораат да бидат најмалку на 2,20 м над височината на подот, а 0,5 м под таваницата, и однадвор мораат да имаат дрвени капаци. Прозорците мораат наполно да се затвораат кога во просториите не се работи.

Вратата од оваа просторија мора да биде направена така што да спречува прекумерно испарување на вода од складираната кожа и одвишно загрејување или ладење.

Член 5

Просторијата за сува стока од членот 2 мора да биде во исто така изградена зграда како и просторијата од членот 4.

Подот на оваа просторија мора да биде од материјал кој е лош спроводник на топлина, а кој може добро да се мие и да се дезинфицира. Ако е подот од материјал кој е добар спроводник на топлина, стоката во складот мора да се смести на дрвена подлога, која од подот е одигната најмалку 20 см.

Исто така, подот треба да има каналски отвор како и подот во просторијата од членот 4. Површината на подот мора да изнесува најмалку 40 $м^2$.

Ѕидовите на складот од внатрешната страна мораат да бидат прекриени или премачкани со материјал кој може лесно да се мие и да се дезинфицира, до височината до која се складира сува стока, а најмалку 2 м од подот.

Растојанието меѓу таваницата и подот мора да изнесува најмалку 3 м.

Таваницата треба да биде изградена така што да спречува излегување на нафталински пари од просторијата. Вратата и прозорците мораат херметички да се затвораат така што да спречуваат излегување на нафталински пари од просторијата.

Член 6

Просториите за сместување на средства за конзервирање и дезинфекција и за амбалажа од членот 2 мораат да бидат исто така изградени како и просториите од членот 5, само не мораат да имаат дрвена подлога ако е подот од материјал кој е добар спроводник на топлина. Површината на подот од оваа просторија мора да изнесува најмалку 10 $м^2$.

Член 7

Просторијата за сместување на средства за одржување на чистотија, помошен алат и прибор од членот 2 мора да биде изградена како и просторијата од членот 6, со тоа површината на подот да изнесува најмалку 4 $м^2$.

Член 8

